**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**
**од Третото продолжение на Педесет и седмата седница на Собранието на Република Македонија,**
**одржана на 17 октомври 2000 година**

Седницата се одржа во сала 1 на Собранието на Република Македонија, со почеток во 12,05 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше Томислав Стојановски, потпретседател на Собранието.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Да продолжиме со работа по Педесет и седмата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Ванчо Георгиев, Чедомир Краљевски и Марика Јорданова ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на оваа седница на Собранието.

Ве молам да притиснете едно од копчињата на системот за гласање за да го утврдиме бројот на присутните пратеници во салата.

Констатирам дека во салата се присутни доволно пратеници и дека Собранието може полноважно да одлучува.

Процедурално збор побара господинот Азис Положани. Ќе бидете прецизни, ако тоа што ќе го кажете е надвор од деловникот нема да дозволам да продолжите.

**АЗИС ПОЛОЖАНИ:**

И јас се надевам, бидејќи така како што рековте ќе има некаков ред, на седницата ќе надвладее разумот и ќе можеме да се сконцентрираме на она што е главна точка и главна намера на ова Собрание, односно после оваа седница ќе излеземе со јасен став во правец на стабилизирање на состојбите и во правец на тоа активностите кои беа присутни во текот на изборите да не се повторат. Во функција на тоа е и мојата деловничка интервенција.

Господине потпретседателе, од тоа што може да се прочита во печатот и воопшто вака може да се стекне впечаток дека Собранието несериозно работи, дека пратениците од разни причини несериозно се зафатиле за оваа проблематика што денес ја разгледуваме. Јас понекогаш имам впечаток дека некогаш не сме на нивото на потребната ангажираност за да го одржиме нивото на дијалогот овде и навистина од оваа седница да излеземе со јасни ставови. Затоа, мислам дека улога во тоа имаме сите пратеници, јас сите ги почитувам и затоа барам, крајно време е, ова е четврти ден на собраниска дебата по оваа точка, да бидеме поконкретни, деловнички попрецизни и да не дозволуваме одделни пратеници да излегуваат на говорница и во некоја смисла да си спроведат некој стрес тест, со кој тие би виделе која е границата на нивната издржливост од оваа говорница, колку нивното срце или шеќерот може да издржи или пак да тестира колку тие што него го слушаат можат да издржат и да реагираат. Мислам дека тоа го имавме, но би требало да се повтори.

Исто така, и од страна на тој што ја води седницата, во овој случај вие господине потпретседателе, имате право да интервенирате таму каде што мислите дека и полемиките се одвишни, дека полемизираме понекогаш и неповикани, дека во името на пратеничката група полемизираат сите пратеници од таа пратеничка група, што мислам дека не треба да се дозволи и со едно посоодветно концентрирање, со едно појасно концентрирање во водењето на седницата можеме во текот на еден ден повеќе пратеници да учествуваме во дебатата. Се надевам со тоа како го почнавте денес Собранието дека така и ќе биде.

Второ, сакам да го искористам деловничкото право да кажам еден проблем кој е врзан за локалните избори, а произлегува од следното: Според "Службениот весник" издаден на 19.09.2000 година, каде што Владата одлучила да им се платат надоместоците на комисиите на локалните избори. . . .

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Ве молам, тоа не е процедурално прашање.

**АЗИС ПОЛОЖАНИ:**

Тоа е процедурално прашање, затоа што е врзано со локални избори, а нема никаква друга можност да се интервенира, затоа што мислам дека е итно за таа општина на која не е ништо платено. Од тој "Службен весник" може да се види дека само за општина Лабуништа, Министерството за финансии нема дадено никакви средства. Сакам да прашам дали за информација или како сакате, само прашањето да се реши. Ве молам господине потпретседателе, дали е грешка или пропуст, но ако не е грешка или пропуст тогаш врз која основа само за Лабуништа не се исплатени средства. Мислам дека претставникот на Владата е тука, не барам веднаш да се изјасни, нека се распраша,

ако е грешка таа грешка да се надмине, а ако има други причини барам информација врз основа на што е направен таков исклучок за општината Лабуништа.

**ТОМИСЛАСВ СТОЈАНОВСКИ:**

Дадовте еден конструктивен предлог за размислување околу работата на Собранието и однесувањето на пратениците лично го поддржувам тоа. Но веднаш направивте една дигресија и излеговте надвор од она што го предлагате.

Прашањето поставете го писмено до Владата на РМ, надвор од ова Собрание, нека се одлучи за да не останете без одговор.

Продолжуваме со работа.

Според редот на пријавени треба јас да говорам. Меѓутоа, лично имам став и го бранев ставот на учество на судија во игра.

Затоа, бидејќи јас раководам со оваа седница, не можам да говорам а да нема кој да води сметка околу постапката.

Ќе продолжиме со работа, а место мене ќе зборува наредниот прв дискутант. Кога ќе дојде претседателот, јас ќе земам учество во дискусијата за другиот потпретседател не можам да говорам затоа што е отсутен подолго време и нема пристигне.

Сега има збор г-ѓа Деспина Марковска.

**ДЕСПИНА МАРКОВСКА:**

Почитуван потпретседателе, почитувани колеги пратеници, денешниов предмет со сето лице и наличје постепено е поставено на разгледување пред Парламентот и македонската јавност, покажува до кој степен нашата таканаречена конструктивна опозиција може да ги концептира, планира и разработува своите подземни планови и проекти, бидејќи иако во честитката многу ја рекламирате вашата изградена конструктивност и демократија, но всушност тоа е само навидум, бидејќи во катастрофалната загуба не можевте ништо друго да изберете. Но ако се вратиме само малку наназад, за неполни две години на првата конститутивна седница на Собранието и првото експозе на нашиот почитуван премиер не можевте да ги сокриете острите заби желни за власт и од седница во седница се редевте однапред подготвени без примерни напади, опструкции, искривување на се што презема и реализира оваа коалициона власт, па дотаму белото да го правите црно успехот неуспех, постигнувањата да ги иронизирате или минимизирате, а за сето тоа да вмушнувате во обичниот македонски граѓанин недоверба, несигурност и незадоволство од се што е направено, постигнато и од се што се гради во оваа земја.

Паралелно со ова, резултатите во реформите најмногу ви ги бодат очите, а посебно признанието и афирмацијата што нашата земја ја има и на надворешен план, посочена од сите релевантни институции на планот на стабилизацијата, асоцијацијата и зачленувањето во НАТО.

Господа од СДС и ПДП, вашата жед за власт, вашата непомирливост токму со изгубувањето за вас на толку слатката власт дојде до кулминација точно до предизборните и изборните денови и на претседателските и на овие локални избори. Па вие господо не дозволивте ни две години да се одморите од осумгодишното владеење. Тоа само по себе кажува колку не сте подготвени, ниту 1998 година, ниту минатата 1999 година, ниту оваа година, за да видите како новите луѓе ќе си ја завршат работата, па тогаш да си ги барате повторно своите стари фотелји. Во името на тоа вие погледнете се во вашите редови колкумина сте пратеници прв пат во овој состав, бидејќи скоро сите сте по два или по три мандати во овие клупи. Затоа, вие со сета ваша енергија што ја посветувате од 1991 година, па до денес, само на продуцирање и фабрикување на различни методи преку кои ви успеваа изборите и во 1991 и во 1994 година и во 1996 година, единствено промената во 1998 година ви покажа дека вие не сте вечни, но сега по секоја цена сакате да ја вратите вечноста. Токму заради тоа што значат малверзации на изборите, што значи купување гласови со пари, што значат директорски уценувања, што значи користење на службени возила, што значи разбивање на гласачки кутии, носење на гласачките кутии од селските избирачки места до општинските изборни комисии, нивното заменување со однапред подготвен материјал, според вашите интереси, кинење на гласачките ливчиња, лажирање на гласовите од војниците и на крајот поимот рекетари го слушнавме прв пат од вас, бидејќи вие ги создадовте, вие ги пласиравте во јавноста, вие им определувавте задачи, вие ги злоупотребувате и плаќате. А големото зло за да биде уште поголемо, вие младите момчиња на Македонија, 18-годишни и натаму ги поставувате со своите животи да ви ја повратат толку саканата власт. Кој го натера момчето од Кочани да отиде во

Охрид, да се бори за гласовите на СДСМ. Зборот рекетар јас како кандидат пратеник на ВМРО - ДПМНЕ во 1998 година имав прилика да го слушам и да ја запознам суштината на овој збор рано утрината на денот на изборите од вториот круг од парламентарните избори. А верувам дека дотогаш до тој момент не само јас туку и сите чесни граѓани на Малешевијата, не го знаеја ни значењето ни суштината на тој збор. Имено, вечерта спроти денот на изборите од вториот круг во единствениот хотел во Берово "Македонија", беа пристигнати 19 рекетари платеници на Социјалистичката партија и на СДСМ, лица со широки раменици и избричени глави за да влеат страв само со појавата, а ако дојдеше до дејствување, вие знаете што носеа со себе. А врз сето тоа, своето ноќевање, пиење и јадење до ден денешен не е исплатено, а тоа го потврдувам со документацијата што ја имам. Еве, тоа се лицата и одоздола пишува дека до ден денеска не е исплатена фактурата за нивното ноќевање и јадење. Исто така, во Пехчево имаше околу 10 - 12 исти лица што ноќеваа во еден приватен стан, исто така, беа парализирани од нашите луѓе, бидејќи ние немаме искуство со рекетари, меѓутоа, кога дознавме дека во Пехчево има рекетари тие беа опкружени и парализирани и на тој начин немаше дејствија во парламентарните избори во Малешевијата.

Сега дозволете ми да кажам сосема концизно за толку рекламираниот поим Здружена опозиција. Оваа опозиција не се здружи сега пред локалните избори за да дејствува толку хомогено, туку тие истите се од 1991 година наваму со истите идеали, со истите желби и амбиции да владеат додека постои светот и векот, па да се префрлат во третиот милениум, бидејќи СДС со своите челници, а Социјалистичката партија тројца без двајца и Партијата на господинот Гошев, кој е еднаш со СДС, друг *со* ВМРО - ДПМНЕ, пак со СДС, кога како дува ветерот и можат да се извлечат придобивките од сето тоа, како господинот Ристо Пенов и Лигата за демократија исто како Социјалистичката партија тројца без двајца, па кон сета оваа здруженост да се спомене и Демократската партија на Србите, која по ништо не се разликува од претходните. Можете само да ја сервирате вашата лицемерност пред македонската јавност, вашата загриженост за дележот на Македонија, за сиромаштвото и безработицата што вие ги втемеливте, а сега роните крокодилски солзи, само зборува дека вие ниту ја саката Македонија да биде богата, ниту ја сакате Македонија во европските структури, односно во Унијата и НАТО, иако навидум се декларирате и божем во консензус сте, а фактички ги забодувате ножевите во грбот на реформите кои водат кон тоа. Ова господа од СДС и ПДП го правите затоа што по тој пат не води Владата на Коалицијата за промени, а не сте вие тие во најголемите судбоносни настани од значење по нашата држава.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Реплика за господинот Насер Зибери.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Се спротивставувам на дел од дискусијата на претходниот дискутант, која цело време тврди дека дознала за рекетари и банди од претходната гарнитура на власт. Најодговорно тврдам ниту порано ниту сега од ПДП немало и нема, се надевам и никогаш нема да има рекетари на избирачките места. Кој има рекетари на избирачките места јавноста многу добро знае. Во прв ред Партијата од каде потекнува госпоѓата.

**ДИСПИНА МАРКОВСКА:**

Почитуван господине Зибери, колку се сеќавам во мојата дискусија непосредно што ја изнесов ПДП не го сетив за рекетари, бидејќи во мојата изборна единица нема Албанци. Јас тоа го кажав само за Социјалистичката партија и СДС. Вас не ве сетив за рекетари, така што еве има стенографски белешки прочитајте ги, јас не ве спомнав вас дека имате рекетари и дека сте знаеле за рекетари. Јас не знаев и го кажав тоа.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Има збор господинот Горанчо Трајков.

**ГОРАНЧО ТРАЈКОВ:**

Почитуван потпретседател, почитувани колеги пратеници, пред да поминам на она што денес го подготвив за дискусија, би сакал да реплицирам на вчерашното излагање на господинот Илија Илоски, бидејќи вчера заврши времето, јас се јавив за реплика, но потпретседателот не ми даде збор. Ќе бидам краток и би сакал само да изјавам дека господинот Илија Илоски пред сите присутни во салата и пред целокупната македонска јавност лажеше. Лажеше во делот кога говореше дека инциденти имало насекаде каде што кандидати биле од Коалицијата за Македонија и не кандидати од Коалицијата ВМРО - ДПМНЕ и Демократска алтернатива, туку само кандидати од ВМРО - ДПМНЕ.

Господине Иловски, во мојата изборна единица има три општини, не земајќи ја предвид и општина Блатец која административно е во Виница, припаѓа во изборна единица Берово. Во сите четири општини победија кандидатите на ВМРО - ДПМНЕ во првиот круг без ниту еден единствен инцидент. Затоа ве молам друг пат кога ќе зборувате да имате целосна информација. Тоа е околу репликата од вчера.

Сега би сакал да зборувам за она што е денес на дневен ред. Бидејќи околу изборите се говореше многу на оваа седница би сакал малку да се навратам и на информацијата за загрозеноста на личниот интегритет, која секако е дел од изборното сценарио на локални избори 2000 година. Инаку она што морам да го кажам го кажав и во репликата е дека во мојата изборна единица, изборите поминаа во најдобар ред. Зборувам за првиот изборен круг каде победивме без ниту еден инцидент на денот на изборите, што значи дека сето она што се зборува не е така во целата држава. Меѓутоа, би сакал само да напоменам дека бевме сведоци на досега најжестока кампања водена од страна на опозицијата со многу ниски удари, многу ниски удари, многу конструкции, многу лаги, многу дезинформации и слично.

Меѓутоа, да го сфатиме тоа како дел од изборната стратегија.

Сега би сакал да се вратам на Информацијата доставена до нас.

Прво, би сакал накратко околу собирањето на граѓаните пред домовите на пратениците. Овде беше дискутирано на вчерашното продолжение од еден мој колега потоа беше доста жестоко и реплицирано, меѓутоа јас би сакал да го дадам она што е мое видување, мои сознанија и би сакал најпрво целосно да ги отфрлам сите шпекулации дека овие собирања биле организирани од некого. Сега би сакал да кажам зошто го велам ова, дека овие собирања не биле организирани од никој. Јас можам да кажам дека доста сум заедно со членството на партијата, доста добро го познавам нашето членство и верувајте дека при ваков чин колку и да се лутат нашите бивши сопартијци беше генерално оценет од нашето членство како класично предавство и при таков чин верувајте не е потребна никаква организација. Тоа е единствената вистина дали ќе биде прифатена од некого или не, секако е негово право.

Следната работа која би сакал да ја изнесам се моите видувања околу најразличните обвинувања за злоупотребите на власта, а се со една единствена цела да се придобие одредена лична материјална корист. И овде имавме прилика да слушнеме: чесни браќа, чесни сестри итн., што сметам дека не држи место. Она што ние како пратеници во Собранието на Република Македонија мораме да го говориме, а секако мораме и да го спроведуваме е единствено залагање за институционално спроведување на правната држава т.е. барање на можните злоупотреби преку институциите кои за тоа се задолжени. Уште повеќе што Македонија не е повеќе во еднопартиски систем и што промените на политичките партии кои ја практицираат власта, е веќе пракса во Република Македонија. Значи ако некој навистина и сака добро на државата а притоа е и пратеник во Републичкото собрание, најдобро ќе помогне на Република Македонија ако има одредени сознанија за лоши законски решенија, кои во најмала мера дозволуваат грабеж на државни пари за што очигледен пример е Извештајот на Анкетната комисија по кој еве, јавниот обвинител е овде се произнесе дека немало основ за кривично гонење од едноставна причина што во времето кога сето тоа е правено, тоа било законски покриено, едноставно не било забрането сето тоа да се прави. Од тие причини ако некој навистина има сознанија дека и сегашните решенија, оние кои што важат сега во Република Македонија нудат такви можности најмалку што може да направи најчесно би било сето тоа да го каже и со одредени промени на тие законски решенија тоа да биде отстрането, бидејќи оваа институција е единствено овластена, која што тоа може да го прави во државата. Постојаните шпекулации дека некој е нечесен, а без да се изнесуваат аргументи е штетно не само за поединецот, и за политичката партија која што стои зад него, туку е штетно и за целата држава, бидејќи се создава клима на недоверба во системите на државата што од друга страна продуцира разни негативности, или накратко би сакал само да кажам дека времето на инквизицијата е одамна поминати и дека нема потреба да го враќаме. Едно демократско општество бара само конкретни факти и нормално аргументи за одредени работи.

Она што во последно време доста се шпекулираше и во медиумите беше изнесено и овде од оваа говорница е нешто што барем мене лично како пратеник ме вознемирува во одреден степен можам да кажам и дека ме иритира се дел од

кривичните пријави на нашите бивши колеги. Зошто реков дека ме иритира? Јас не би навлегувал во тоа што се шпекулира, најискрено мислев дека е шпекулација, меѓутоа излезе дека е вистина, значи дека има кривични пријави. Навистина би сакал како пратеник, кој што ја поддржува оваа Влада, а ние не можеме да се оттргнеме од вината дека токму оваа Влада го има назначено истиот пратеник за повереник на општествениот капитал. И од таа страна не би сакал навистина да биде сето тоа точно што се шпекулира во кривичните пријави. Значи се шпекулираше дека 300 илјади германски марки е оштетен "Винал", или дека имаме 500 илјади литри вино изнесено за сметка на некоја бугарска фирма на штета на "Винал", или се шпекулираше уште даречеме дека има земено кредит од 1 милион германски марки во времето на Стојменов 1999 година и дека парите се губат без никаква трага. Значи би сакал најискрено сето тоа да не е вистина. Меѓутоа, постојано се поставува следното друго прашање, што ако сето тоа е пак сега вистина. И ако се докаже тоа дека е така за што нема сигурно да одлучува ВМРО - ДПМНЕ, туку ќе одлучуваат институции кои во овие две години се докажаа дека работат во најмала рака независно од мислењето на ВМРО -ДПМНЕ, на мене како на пратеник ќе ми биде поставена една тешка задача, а тоа е да објаснувам пред мојот електора,т како всушност ние како политичка партија ВМРО - ДПМНЕ сме дозволиле таков човек да седи во нашите редови. И тоа е она што мене ме загрижува како пратеник.

Третата работа која постојано се споменува како во оваа Информација така и во текот на целата кампања од страна на опозицијата е загрозеноста на националните и државните интереси. Најискрено мислам дека времето кога опозицијата ги добиваше изборите со една единствена парола, ако дојде ВМРО -ДПМНЕ на власт, во Република Македонија сигурно ќе има војна, е веќе мината работа. И уште повеќе оваа Влада во која што практицира ВМРО - ДПМНЕ, спречи да дојде до војна. Вие се сеќавате дека во Република Македонија имаше 360.000 бегалци и на не цели триесетина километри од Скопје се пукаше и гинеа луѓе.

Следната работа која што оваа Влада ја прави во врска со државните интереси, за првпат во Република Македонија се спроведуваат реформи кои реформи единствено можат да не однесат во Европската унија, меѓутоа она што е битното не е дали ние ќе одиме во Европската унија, или не, најважното е тоа што само со тие реформи само на овој начин можеме да се надеваме на подобри денови за Република Македонија и поквалитетно живеење на сите граѓани во државата. Потенцирам, сите граѓани на државата. Овде би можел да изразам само жалење што СДСМ од нивни лични интереси овој процес многу години го одложуваше со што беше нанесена голема штета на државата чии последици верувајте дека не се отстрануваат за нецели две години. Овде за жал и повеќе пати од оваа говорница го имам споменувано единствениот реформски закон донесен од страна на претходната Влада. Законот за приватизација пак ќе го спомнам, бидејќи тој како единствен реформски закон донесен од страна на бившата Влада со чие практицирање веќе петта година ако не се лажам, Македонија не доби ништо добро од тоа и сите овие негативни последици од тој закон нема да можат целосно да се опоравит уште многу години во Република Македонија.

Следната работа, околу државните интереси на Република Македонија. Јас ќе се вратам назад, не на локалните и претседателските избори, туку на парламентарните избори 1998 година. Ние тогаш жестоко ја напаѓавме тогашната власт за отсуството на Република Македонија од Агендата 2000 и речиси никаквите сигнали за влез во Европската унија. За нецели две години ние сме пред потпишување на договор за асоцијација со Европската унија, со што дефинитивно ќе се создадат услови за брз економски развој на Република Македонија, што всушност ако се вратиме на 1998 година беше една од темелните ветувања на коалицијата за промени. Овде би сакал да потенцирам само, дека сето тоа беше и е резултат само на работењето на оваа Влада, а тоа е за среќа не на партиите ВМРО - ДПМНЕ, ДА и ДПА, туку е за среќа на сите граѓани кои живеат во Република Македонија. На крај би сакал накратко да резимирам. Мислам дека времето на сеење на магла, правење на нај разноразни конструкции за што не се бираат ниту средства, ниту начини за што најдобар пример се сега последните локални избори кој колку и да се труди опозицијата да ги префрли на страната на власта на последните случувања во Охрид целосно се разоткрија и на кои се виде кој всушност ги организира и со каква цел се организирани и сите инциденти и од што за жал најголема штета ќе претрпи државата. Меѓутоа, се надевам дека полека, но сигурно овие времиња мора да поминат во Република Македонија. Ако некој се обиде

непристрасно да ги анализира локалните избори ќе види дека освен патолошката желба за власт опозицијата не понуди ама баш ништо друго. Прво се понуди концепт за референдумско изјаснување на граѓаните на едни избори на кои се бираат луѓе кои најнепосредно треба да се грижат за секојдневните проблеми на граѓаните, што како последица доведе до најразлични инциденти режирани токму од опозицијата. И сега, доколку некој сака на ова да реплицира, да каже дека не е така, јас би го замолил однапред уште еднаш да објасни што бараат луѓе во Охрид од градови оддалечени и по 300 километри за прегласување во две избирачки места. Би сакал пред ако некој се јави да реплицира да ми даде објаснување на ова. За разлика од таков вид на водење на кампања коалицијата ВМРО - ДПМНЕ и ДА излезе со една крајно позитивистичка кампања со конкретни програми кои што програми мора и така ќе биде во иднина да бидат единствен документ за политички натпревар помеѓу најразличните политички партии. За жал опозицијата тргна по сосема друг пат и единствено што можам е да изразам едно мое длабоко жалења за сите инциденти и жртви кои што беа како резултат на локалните избори 2000 година. Значи полека, но сигурно доаѓа време кога граѓаните ќе бараат отчет за она што партиите на власт го прават се разбира за нивно добро, а верувајте за нецели две години колку што е оваа Влада имајќи во предвид се што наследи од претходната не е малку направено, а знаејќи дека мандатот трае четири години, верувам дека најголем дел од ветувањата што коалицијата за промени ги даде 1998 година ќе бидат исполнети, за што всушност последниот збор ќе го дадат граѓаните на Република Македонија на следните парламентарни избори 2002 година.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Има збор Вангел Симев.

**ВАНГЕЛ СИМЕВ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани дами и господа пратеници, се јавувам од Партијата ВМРО - Вистинска Македонска Реформска Опција. Со пратеникот Горанчо, кој многу го ценам имавме многу добра соработка. Изненаден сум од неговото говорење во овој Парламент. За патолошката борба за власт за СДСМ што ја напомна не сакам да ги бранам, бидејќи до некаде го прифаќам тоа негово изјаснување, но не можам се да прифатам. Зошто не кажа не само патолошката, туку и болната власт, не бирајќи средства на ДПМНЕ да ја одржи оваа власт, употребувајќи и оружје. Јас прифаќам дека СДСМ сака да се врати и тоа е нормално, можеби и човечки. Но, не бирање средства да се одржи на власт не можам да сфатам дури и со жртви, со закани и со голем број на повреди, применувајќи и огнено оружје.

Исто така, колегата Горанчо напомна дека овие напади, спонтано собирања не биле организирани. Па господа, не можам да сфатам како може Горанчо да си дозволи, бидејќи има сознанија од врвот на неговата партија дека биле спонтани кога биле истовремено изведени, напомнувам истовремено изведени во сите домови кај сите шест пратеници. Каква е таа спонтаност? Па ќе задоцнеле половина час, час, или два, или некој друг ден. Значи тоа е толку очигледно дека е организирано и како може да си дозволи еден интелектуалец да каже дека овие напади не биле организирани. Морам да напомнам дека Македонија ја водиме кон разградување на македонското национално ткиво. Уште вчера имавме можност да слушнеме СДСМ има браќа, кој едниот упорно не бирајќи средства ги штити и ги брани интересите на СДСМ, а другиот на ДПМНЕ, на ВМРО - ДПМНЕ и браќата се закрвуваат. И јас така верував и затоа од почетокот сум во ВМРО да се обедини македонското ткиво, а не да се дели. Тие и понатаму продолжуваат со делби. Затоа ние се појавуваме како нова партија со една единствена цел само да го обединиме македонскиот народ и македонското ткиво. Доста беа делби низ историјата и понатаму некој сака да го дели, само за да владее. Господа, го распродавате националното благо и најпрофитабилните капацитети на Македонија. Треба да се замислите. Зошто економски да зависиме од нашите соседи. Не, господа, тоа нема да ви го дозволиме. Господинот напомна, за какво квалитетно живеење кога највиталните производи бензинот и струјата ни се покачени. Јас не памтам некогаш да сме имале поскапа струја и поскапи деривати, а сето тоа е поврзано со другите производи.

**ГОРАНЧО ТРАЈКОВ:**

Госпдоине Симев, најнапред сакам да ви кажам дека мојата политичка партија е ВМРО - ДПМНЕ, а не ДПМНЕ. И ќе ве молам во следни комуникации партијата да ја ословувате со целото име и презиме на партијата. Тоа е првата работа.

Втората работа е на 10 септември 2000 година беа локалните избори, се бираа градоначалници и советници на 124 општини

во Република Македонија и не станувaше збор за губење, или добивање на власт. Тоа е првата работа.

Втората работа околу организирани напади. Вие рековте дека имаме информации. Јас немам никакви информации. Зборувам за она што го имам од базата и навистина доколку бевте од моја изборна единица избран, верувајте дека стотици немаше да бидат пред вашите домови, туку ќе беа илјадници и никој немаше да ги организира. Такво е нашето членство и тоа е вистината, дали вие ќе ја прифатите или не, тоа е ваша работа.

И следната работа околу разградувањето на Република Македонија, јас зборував за инквизициски работи. Би сакал со аргументи и со факти. Вие малку пробавте да говорите за економија, меѓутоа, јас ве ценам и почитувам како спортски работник и најдобро би било да говорите за спортот, а за економијата да оставите да говорат економистите.

**ВАНГЕЛ СИМЕВ:**

Ќе ве именувам со ДПМНЕ, или ВМРО, тие свети четири букви не смеете да ги злоупотребите, дури тогаш ќе бидете ВМРО. Се додека ги злоупотребувате тие четири свети букви, јас ќе ве викам ДПМНЕ. А дека ги злоупотребувате, тоа е факт. Целокупниот македонски народ тоа ви го докажа. Уште вие не можете да сфатите. Па кога ли еднаш ќе сфатите? За што се работи? За лични интереси. Државните интереси треба да ви бидат на преден план господине Горанчо. Точно јас сум спортист, многу сум дал за Македонија и на спортско поле и ќе давам и ќе се жртвувам за Македонија ако толку ве интересира, но профит и интереси не барам. Јас сакам на Македонија да и служам, а не да ја злоупотребувам мојата политичка кариера и не сакам да правам политичка кариера.

Спомнавте градоначалници, а не борба за власт. Тоа што го напомнавте треба многу повеќе да ве боли. Кога би дошле избори за власт, па вие и војна ќе поведете ако продолжите вака. Како не ви е срам уште да напомнете кога се работи за еден градоначалник толку крв да падне. Обични избори за градоначалници се, а падна крв. Замислете кога ќе дојде во прашање Влада, или кога ќе дојде во прашање избор на толку голем број пратеници, кои што треба да ја формираат таа Влада, па тоа би било војна низ цела Македонија треба да се војува.

**ГОРАНЧО ТРАЈКОВ:**

Јас уште сега ќе се јавам.

Во моето излагање кажав што значи борба за државните интереси и работа за доброто на Македонија, ако за некого влезот во Европската унија е издавање на национални или државни интереси, тоа е негов проблем. Тоа не е мој проблем. Јас не би сакал околу тоа да дискутирам.

Околу градоначалниците и околу крвта сакам само да напоменам, дека во мојата изборна единица се избрани 4 градоначалници од ВМРО - ДПМНЕ во првиот изборен круг, без ниту еден инцидент, не ни вербален, а камоли да имало физички инцидент.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

За реплика се јавува господинот Миланчо Черкезов.

**ВАНГЕЛ СИМЕВ:**

Горанчо ги оправда фронталните собирања. Горанчо, ако продолжите вака....

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Ве молам, му дадов збор на Черкезов.

Вие три реплики имате.

**ВАНГЕЛ СИМЕВ:**

Горанчо, вие напомнавте дека бројот бил мал, што се собрал пред нашите домови. Очекувајте пред вашите домови ќе дојде многу поголем број, само ако продолжите вака. И дека ја распродавате Македонија, ве молам, ни еднаш не спомнавте вие дека се веат знамиња од туѓи држави.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Ве молам, држете се за темата, а за ова...

Има збор пратеникот Миланчо Черкезов.

**МИЛАНЧО ЧЕРКЕЗОВ:**

Почитуван потпретседателе, дами и господа пратеници, почитуван Јавен обвинител.

Уште еднаш денес како и вчера имавме можности да слушнеме напишани реферати од врвот на партијата ВМРО - ДПМНЕ, така да и денес не ме изненади пратеникот Горанчо Трајков кој се спушти на ниво некој друг да му ги дава мислите. И вчера имавме тројца јуришници од првиот ешалон на ВМРО - ДПМНЕ да искажат тешки квалификации без докази. Еве и денес тоа се обистинува и затоа немаме квалитетна седница. Едно витално прашање кое сите нас не тангира, а тоа е каменувањето на

домовите на 6-те пратеници кои преминаа од ВМРО - ДПМНЕ во ВМРО - вистинска македонска реформска опција и крвопролевањето во Првиот, Вториот и Третиот круг, а денес слушаме од Горанчо Трајков небулози, невистини и мило ми е тоа што го искажа. Тука е господинот Јавен обвинител Ставре Џиков и го повикувам пред целата македонска јавност да каже кои се тие кривични пријави против мене, како повереник на ЗИК Црвена звезда - Штип. Вака преку порачаните текстови што ги имавме во минатите денови, прво во еден весник, па во друг, па денес слушаме и од оваа парламентарна говорница 10-тина кривични пријави против мене и овие пратеници на ВМРО - Вистинска македонска реформска опција. Се повторува Гебелсовата метода, се повторуваат невистини. Така да ние кои сме директно засегнати од ова тешко ќе можеме да ги избиеме овие нарачани текстови и мисли искажани преку говорницата до граѓаните кои имаат можност да ги слушнеме. Ова се чисти шпекулации, невиден притисок.

Прво, имаше линч врз нас нашите домови и нашите семејства. Денес гледаме политички линч. И сега ќе кажам, ова е имиџ за нас пребегнатите пратеници од ВМРО - ДПМНЕ во ВМРО - Вистинската македонска реформска опција. Ние ја сакаме Македонија како место за живеење на сите граѓани на Македонија, а не како место во кое ќе се случуваат вакви работи каде што граѓанинот е несигурен да излезе на локални или парламентарни избори да го каже своето 'за" за било која политичка опција. Тоа е причината. Горанчо Трајков во иднина би апелирал свои мисли не искажувате без факти, да не ја повторувате Гебелсовата метода.

**ГОРАНЧО ТРАЈКОВ:**

Очигледно е дека не се разбираме.

Најнапред околу порачаните текстови, да кажам дека јас ниту во прво одделение не давав некој да ми ги пишува домашните задачи, а некој текстови да ми прави. Ова ми се белешките во ракопис што ги имам подготвено, ако сакате ќе ви ги дадам, со она што ми е откуцано горе на компјутер во пратеничката група. Тоа е околу текстовите и не би сакал така да се однесувате со колегите пратеници.

Околу кривичните пријави, јас реков дека има шпекулации по медиумите. Овде беа спомнати шпекулациите и од ваша страна беше потврдено дека тоа е имиџ за пратениците на ВМРО - Вистинска македонска реформска опција. Вие и сами кажавте дека имате кривична пријава. Јас во моето излагање насекаде изразував само желба тие кривични пријави да бидат неосновани и ништо повеќе, ако внимателно ме следевте и немојте Гебелс и Адолф Хитлер повеќе да ги спомнувате на седница.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Има збор Миланчо Черкезов.

**МИЛАНЧО ЧЕРКЕЗОВ:**

Господине Трајков, Гебелсовата метода е постојано изнесување на невистини, невистини и невистини. Вие тоа денес го правите. Вчера тројца јуришници од првиот ешалон на ВМРО - ДПМНЕ истото го кажаа. Така да уште еднаш ви напоменувам, треба да имате факти. Тука е господинот Јавен обвинител Ставре Џиков, доколку има факти пред целата македонска јавност нека каже кои се тие кривични пријави. Барав јавно од обвинителството во Штип да се произнесе. До ден денес, еве два месеци како, шпекулирате, нема невистини. Значи, тоа е политички линч кон мојата личност и оние кривични пријави врз останатите пратеници и нашето раководство, господинот Стојменов, господинот Змејковски и другите.

Јас апелирам, бидете смирени, ние своето политичко "ја" го кажавме и нема сила која ќе не врати назад во вашите клупи. Вие работите против оваа држава. Да не повторувам повеќе и да не елаборирам, само ви одговорам за вашата Гебелсова политика и ве молам во иднина да внимавате и само вистини од оваа говорница да пласирате.

**ГОРАНЧО ТРАЈКОВ:**

Јас само го кажав она што вие го потврдивте дека е имиџ да имате кривична пријава. Вие рековте дека имате кривична пријава, не ја измислив јас.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Господине Черкезов, ова ви е последна реплика, трет пат се јавувате.

**МИЛАНЧО ЧЕРКЕЗОВ:**

Македонските граѓани слушнаа дека пратеникот Горанчо Трајков призна дека нема факти и дефакто се повлекува од тоа што го кажа.

(Реакции во салата).

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Ајде донесувајте заклучоци, одете со адвокати со судии да се судите. Овде не расправајте.

Има збор пратеникот Звонко Мирчевски.

**ЗВОНКО МИРЧЕВСКИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани колеги пратеници, не би сакал да се вклучам во репликите помеѓу моите колеги, меѓутоа само во делот на дискусијата на мојот колега во која се тврдеше дека собирањата пред домовите на пратениците се спонтани, би сакал да го истакнам следниот факт. Тоа е дека чесни наши пријатели и членови во ВМРО - ДПМНЕ на самиот ден кога се организираа настаните, наводно спонтани, не известија по телефон неколку часа пред тие како велите спонтани собирања, да речам таканаречени спонтани собирања, со какви намери, не известија со какви намери со собира членството кое што, наводно со некаков состанок, а потоа било водено од одредени членови пред нашите домови.

Исто така во однос на оваа спонтаност би сакал да го искажам и следниот факт:

Ние, имајќи ги овие сознанија во вид се јавивме до претседателот на Собранието г. Саво Климовски да го известиме за намерите за знаците кои ги добивме. Исто така се јавивме и до Јавното обвинителство, така да и самото присуство на поедини наши колеги пратеници од ВМРО - ДПМНЕ пред нашите домови за време кога се случуваше каменувањето на нашите деца, во близина на нашите домови, а исто така зборува за "спонтаност на тие настани".

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Реплика за господинот Ѓорѓи Тодоров.

На кого реплицирате господине Тодоров?

**ЃОРЃИ ТОДОРОВ:**

Му реплицирам на Горан.

Почитуван потпретседателе, почитувани дами и господа пратеници,

Колегата Горан Трајковски овде зборуваше и за делот на реформите. Ја фали Владата дека направиле големи реформи. Незнам какви реформи, но не кажа резултати од тие реформи.

За мене реформа е ако секој граѓанин таа реформа ја почувствува по џебот, зголемување на стандардот, намалување на невработеноста. Јас незнам какви се тие реформи. Дали реформа за Горанчо е, кога дојдовме на власт од 15 министерски места направивме Влада со 27 министерства, па две години ова Собрание работеше јалова работа. Што значи тоа јалова работа? Значи изготвување на нови закони, а вадење на дел од законите од 15 на 27 министерски места. Значи, ние две години работевме на измена и дополнување на законот, за после две години да се сфати, а пред тоа се фалеше многу дека овие реформи кои ги прави Владата, од 15 на 27 министерски места дека се нешто највидено, најдобро и незнам што, иако се укажуваше за држава како Република Македонија и тие 15 министерски места се премногу, а не да се оди на 27, за пред некој месец да се сфати дека од 27 министерски места треба да се врати Владата на 14 министерски места и сега следните 2 години ќе работиме од обратен процес, значи, ќе правиме измена и дополнување на законите, од 27 министерски места ќе ги враќаме на 15 министерски места. Тоа ли се реформите? За тоа ли гласаше Македонскиот народ, за такви ли промени? Тоа ли е благодетот на вашите реформи.

Господине Горанчо, дајте објаснете му на Македонскиот народ, не го заведувајте и дезавоирајте.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Реплика за господинот Горанчо Трајков.

**ГОРАНЧО ТРАЈКОВ:**

Малку ме ставивте во незгодна ситуација.

Ако сметате на реформи кои треба Владата да ги прави за да му годат на вашиот џеб, сигурно нема да ги прави, а за другите реформи имаме зборувано многу. Јас за тоа кажував во мојот говор и не би сакал да се повторувам.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Повелете господине Тодоров.

**ЃОРЃИ ТОДОРОВ:**

Очигледно дека говорот ви е подготвен во делот на реформите, па вие затоа и незнаете да одговорите на тоа. А јас ако очекував директно на мојот џеб да се осети немаше да се откажам од позиција на власт. Јас како пратеник се откажав од таква власт која прави приватизација во четири очи. Такви реформи не му требаат на Македонскиот народ.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Процедурално за господинот Амди Бајрам.

**АМДИ БАЈРАМ:**

Господине потпретседателе, господа пратеници, јас мислам дека вчера од моја страна во Собранието беше јасно и гласно кажано и апелиран до сите пратеници во

Собранието на РМ, во интерес на РМ, затоа што не следи цела Македонија, народот го ставаме во една незгодна ситуација, со одолговлекување на овие седници, каде се расправа за иста тема и ова ќе стане многу банално.

Му предлагам на Собранието, а во интерес на граѓаните на РМ, да не ги веќе вознемируваме граѓаните со нашите работи овде во Собранието, бидејќи нон стоп овие седници почнуваат со некои работи што граѓаните ги ставаме во голема заблуда, јас се движам меѓу граѓаните во Скопје и многу граѓани ме замолуваат да го пренесам тоа во Собранието, доста е со овие работи затоа што многу денови расправаме за оваа тема и нема повеќе потреба. Подобро би било седницата да биде затворена, да си ги решиме работите овде во Парламентот и да донесеме еден став, што ќе биде и како ќе биде, затоа што граѓаните на РМ навистина се ставени во лоша ситуација, незнаат што ќе се деси со нас, што ќе се случи во Парламентот. Со овие наши дискусии ова мириса, она што вчера како што го кажав, јас мислам дека не би требало така да биде. Затоа, како што реков, дајте да донесеме одлука да работиме на затворена седница, па да се искараме добро, ако сакате и јавноста повеќе да не ја вознемируваме и овој Парламент да почне да работи за граѓаните на РМ. На кој му се работи нека работи во Парламентот, на кој не му се работи нека не доаѓа во Парламентот и нека не смета. Значи, граѓаните бараат од нас, тие што не одбрале, да бидеме прави пратеници, да го застапуваме народот, за него да работиме и да видиме стопанството, јас кажав уште пред две години на оваа власт, да види што ќе се направи, како ќе се направи. Тоа е апел од граѓаните на Град Скопје меѓу кои јас се движам. Веќе сме му банални на народот со вакви работи, каде по 10, 20 пати се искажуваат работи преку реплики, со разни увреди. Народот почнува да се плаши веќе од нас, од Парламентот. Видете, овде се говори за војна, оружје итн. Јас мислам дека сите пратеници треба еднаш да се освестиме, без разлика од која партија сме, дали опозиција или позиција, дајте да размислиме за граѓаните на Република Македонија, а кога ќе дојдат следните избори, парламентарни избори, тогаш ќе каже народот.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Ќе се има предвид.

**ФАТМИР ЕТЕМИ:**

Почитуван потпретседател, почитувани дами и г-да, очигледно денес нема расположение да се расправа за решавање на проблемите. Наше убедување, мислење и став и пред тоа беше, кога беше предложена Информацијата од ПДП или опозицијата, да не се расправа меѓу двата круга, бидејќи тоа ќе влијае лошо на изборите. Наше мислење беше и тогаш да се расправа, меѓутоа, по завршувањето на целиот изборен процес и да се најдат начини форми и методи изборните неправилности да не се повторуваат, бидејќи ако имавме само еднострана информација, доколку немавме информација од сите релевантни субјекти што учествуваат на изборите од политичките партии, па и од државните институции, МВР, Владата на РМ, обвинителството и Извештајот на ДИК, мислам дека додека не се комплетира тој мозаик не е добро да се расправа, зашто целта на расправата треба да биде да се најде начин и форма проблемите, нерегуларностите и неправилностите да се решат. А проблемот и вака како што се дискутира убеден сум дека не може да се реши. Значи и тука во расправата убеден сум дека треба да најдеме начин или да се повлечат координаторите на партиите да се повлечат и да најдат начин како да излеземе од оваа ситуација, зашто вака мене ми изгледа дека е некоја фарса или политички маркетинг на секоја партија.

Тука ја користам приликата да им се заблагодарам на гласачите кои гласаа за ДПА за опцијата што победува, за опцијата што нуди напредок и развој на севкупното општество. Воедно, изразувам и длабоко сочуство на семејството Јакупи и длабоко жалам за настанатите инциденти, а јас и мојата партија апсолутно се дистанцираме од учесниците во тие настани и ги осудуваме сите тие настани.

Г-да пратеници, како што знаеме според анкетите, испитувањата и сондажите пред изборите, споредбата за рејтингот на ПДП споредено со ДПА, рејтингот на ДПА беше преголем, соодносот на силите беше 9:1 или 8:2, што се потврди и со изборните резултати. Значи, ДПА немаше зошто да биде загрижен на овие локални избори, туку, загрижена беше ПДП, бидејќи катастрофален рејтинг. Посебно челниците на ПДП од претседателството тогаш излегуваа со некои хистерични настапи и изјави, незнам колку се сеќавате вие пратениците од претседателството и мислам дека така создаваа некоја песиместичка клима за предизборната атмосфера.

Тука за јавноста сакам уште нешто да кажам што мислам дека малку се знае или малку беше публикувано. ДПА иако имаше висок рејтинг, само за да поминеме

во изборите во порелаксирана атмосфера на ПДП му даде понуда за заеднички настап на локалните избори 2000 год, со многу поволна понуда, над 10 од тие 25 општини каде се мнозинство албански гласачи понуди на ПДП. Меѓутоа претставниците на ПДП, поточно секретарот со уште еден придружник ги одбија, затоа што целта не им беа локалните избори. Целта им беше друга, сега несакам да прејудицирам и да кажам што им беше целта. Меѓутоа, јасно е дека структурата на ПДП штетите тука ги доби, зашто со неприфаќање на оваа реална понуда тие и наштетија само на оваа партија.

ДПА со висок рејтинг на партијата и со силна политичко - партиска структура апсолутно не ја прифаќа таа вина за овие инциденти. Напротив, ние ги осудуваме тие инциденти, инсценирани сигурно од ПДП посебно во некои избирачки места каде се обидоа да направат фалсификат. Сакам да кажам дека ние во партијата се однесуваме многу одговорно и каде што мислиме и сме убедени дека некои наши активисти предизвикале инциденти или имало инциденти на некои изборни места, ние во партијата тие ограноци или под ограноци ги суспендиравме. Се прашувам ПДП што презела за нивните активисти што предизвикуваа инциденти. За да се решат проблемите треба секој инцидент детално да се анализира кои беа мотивите итн. Се знае дека ПДП со никакво рејтинг се обиде и овој пат да направи фалсификати како што ни направи фалсификат 1994, 1996 год, и на повторните избори во Сарај. Само заради јавноста да ви кажам дека во с.Крушопек видни високи функционери на ПДП - ова го кажувам од извештајот на Државната безбедност, тогаш кога го водела тој случај - тие функционери точно пишува кој ги украл ливчињата за гласање, кој ги заокружил и кој ги ставил во тие изборни кутии и тоа, висок функционер од ПДП што за мене е несфатливо. Со истиот тој метод тие се обидоа да продолжат и сега во некои избирачки места, како што во избирачките места во с.Делогожда ги искршија кутиите. Употребија и пиштоли и физичка сила кон избирачките одбори во с.Рашче Скопско, каде до 11,00 часот беше завршено гласањето. Полнети кутии од активисти на ПДП или од поранешниот нивен градоначалник во Кондово Гурети, сега кандидат на другата албанска партија ПРУП. Неговиот син се заканувал со пиштол на избирачките одбори, што е недозволено денес да му дозволиме на кој да се заканува на избирачкиот одбор или да влезе на местото каде се гласа со пиштоли. Тоа бил синот на нивниот претходен градоначалник на општина Кондово. Или неправилностите во Голема Речица, Палчиште, Пороj, Кондово и Брвеница. Во сите овие места и во ред други се манифестираше сила од страна на активистите на ПДП. Или случајот на поткуп, инсистирање на поткуп на членовите на избирачките одбори.

Јас мислам дека овие неправилности во изборниот процес се продукт на методот и стилот можеби на СДСМ и ПДП. Само да ве потсетам 1993 година во случајот Бит Пазар каде погинаа четири лица наши државјани, а многумина беа повредени итн., само за еден банален случај. Што значи овој стил? Стилот на ПДП и СДСМ е можеби да го оттргнат вниманието од реалните проблеми што ги има општеството и само со такви инцидентни случаи да останат на власт. Случајот од Бит Пазар јас велам дека ќе биде најцрна дамка на претходната Влада. Четири лица загинаа, а многу луѓе беа приведени, повредени и тепани без врска. Работата на Анкетната комисија што беше формирана за тој случај остана на пола пат, не се расчисти случајот. Се знае зошто не се расчисти.

Тука имам една забелешка можеби и на стилот на кампањата на СДСМ зашто локалните избори ги направи своевиден референдум за Македонија, како да другите се против Македонија. Мислам дека слоганот беше погрешно пласиран и создаваше тензии или се направи многу лоша атмосфера. За да се решат проблемите, треба да се бара и коренот на проблемите. СДСМ и ПДП 1994 год, парламентарните избори 1996 год, никој неможе да ми каже дека ПДП 1996 год, во својата кампања не употребуваше рекетари, можам да им ги кажам со имиња и презимиња, зашто сите ние тука живееме и сите се познаваме кој што работи и колку вреди. Воведоа нешто ново во кампањата и во изборниот процес, а за нас тогаш беше непознато што се тоа рекетари или пратеници. Тие влегоа на политичката сцена од тогаш и нормално, ако ги ставиш тие луѓе веќе неможеш лесно да ги извадиш од игра. Негативна улога во изборите играа и некои медиуми, а тука посебно предничи Телевизија "Сител". На денот на гласањето на 10 септември и 24 септември дава катастрофално лажни информации. Како може Телевизија "Сител" и нивните новинари да даваат такви информации, се создаваше една лоша атмосфера и тензија само да ги спречи албанските гласачи да излезат на гласање. Кажуваат дека е убиен

тој и тој командант - лажна информација. Или повикот на Латас да ги спречуваат Албанците да излегуваат во општина центар, што поттикнува незнам што според неговиот повик.

Реален друг проблем во Скопје е дека гласањето за локални избори е комплицирано, бидејќи се гласа на четири листи. Четири листи со полни имиња, по пола метар ливчиња и обичните гласачи мислам дека се збунуваат кога гласаат. Потоа имаме голем број неважечки ливчиња кои некој сака да ги придобие, тие се мои, на ВМРО или на некоја друга партија. Мислам дека тука законот треба да претрпи промени бидејќи се четири листи. Сите имиња на советници се напишани таму, 30, 23, 25 советници за Скопје и таму се случува тотален хаос.

Друг проблем се јавува со избирачките легитимации. Еден проблем е што нашите граѓани не ги чуваат тие легитимации и на денот на изборите и гласачот што нема легитимација сака, да гласа, а не му се дава право да гласа, што е законски. Што се случува со тоа? Така ги спречуваме гласачите да гласаат и што помалку гласачи излегуваат, се дава повеќе простор за манипулација. Треба да најдеме начин гласачите да ги мотивираме да излезат на гласање. Кога тие ќе излезат на гласање простор за манипулација ќе има многу малку. На пример во Турција системот на избор на пратеници или советници е различен. Секој кој гласа со спреј се идентификува неговиот прст, се бојадисува да не гласа два пати и тие што нема да гласаат ќе имаат соодветна парична казна. Можеби тоа е најлошиот начин тие што нема да гласаат да ги казнуваме, меѓутоа, мора да најдеме начин и да направиме клима сите да излезат на гласање, мнозинството гласачи да излезат на гласање, бидејќи кога ќе излезат да гласаат ќе има многу малку простор за манипулација.

Затоа, ќе предложам заедно со вас колегите Законот за избор на пратеници или советници на локалните избори да претрпи промени и мислам дека јас го барам тука клучниот проблем.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Секој ќе добие збор, но ако може да прекинеме само пет минути.

Имам еден разговор што треба да се обави и потоа ќе продолжиме.

(Некои од пратениците бараат пауза од 15 минути).

Добро, давам пауза од 15 минути.

(Паузата започна во 13,20 часот).

(По паузата седницата продолжи во 13,50 часот).

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

За збор се јави господинот пратеник Ризван Сулејмани.

**РИЗВАН СУЛЕЈМАНИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани пратеници, јас искрено да ви кажам најмалку сакав на оваа седница да учествувам во реплики, во објаснување на нештата за кое што целата македонска јавност веќе е запозната. Ќе мора овде сите да признаете дека во овој момент и во целиот овој процес на гласање и се она што се случи на 10 септември најпогоден сум јас како пратеник. Не само како пратеник кој што доаѓа од Изборната единица каде што настана најтрагичниот настан, туку како човек кој што потекнува, кој што растел и живеел и не само јас, мојата фамилија, дедо и прадедо, во таа средина и со тие луѓе. На разни начини сум поврзан со тие луѓе. Со оглед дека местото од каде што доаѓам јас се граничи со Кондово, првото најблиско село, со Рашче второто најблиско село, со Крушопек и Грчец кои исто така беа спомнати овде. Спрема тоа, јас кога овде зборував, се поставувам на место, на човек кој што мора да има одговорност спрема тие луѓе и таа средина. Не е добро и сигурно лесно му е на некој друг од страна, од некоја пола информација или дезинформација да направи овде случај и да создаде ситуација да утре тие луѓе кои што ќе мора да живеат, живеат во нетрпение.

Целата моја активност после настанот беше ангажирање во спласнување на тензиите. Овде беше спомнато дека биле провоцирани од страна на активистите на ПДП. Најодговорно тврдам дека јас Ризван Сулејмани го немате гледано дента на 10-ти во ниедно избирачко место освен во местото кај што гласав. Сум бил цел ден во Штабот во Сарај и само еднаш во 1,30 до 2 часот поминав само до Штабот во село Кондово. Немаше ни потреба во Кондово да бидам, затоа што информациите што ги добив од Штабот во Кондово зборуваа за тоа дека гласањето особено во село Кондово се одвива во најнормален, можеби како никогаш до сега. Нај нормален ред. Многу пријателски, многу човечки се договориле двата под огранока на ПДП и ДПА во Кондово да се гласа еден за еден и мажи и жени. И немало никаков проблем и никаков предизвик, никаква тенденција на

крадење на гласови. Тоа најодговорно го тврдам.

Во Грчец факт е дека во едно избирачко место е скршена кутијата уште во 7 часот. Тоа стои впрочем и во информацијата. Но, кутијата не е скршена од страна на активист на ПДП, туку од ДПА, затоа што е констатирано дека недостасуваат 280 ливчиња и 290 и колку таму од градоначалник и совет.

Друга работа, се спомнува Рашче. Ние како ПДП воопшто не сме ни биле во Рашче. Воопшто не сме ни биле од причини познати кои веројатно и вам ви се познати, но не е точно дека така настана. Баш поради причините кои ги наведов преески. Иако првиот ден, неделата помеѓу 10 и 11 часот цело време бев ангажиран јас и моите колеги во спасувањето на животот на сега веќе починатиот Фатмир. Вторникот, во 5,30 часот наутро, бев повикан лично од луѓе од ДПА и ПДП да одам да ги смирам страстите во Рашче, затоа што цело Рашче беше блокирано. Јас тоа и најодговорно го направив, фала богу, наидов на разбирање и кај едните и кај другите, а бев поканет велам од ДПА. И успеав колку што успеав да ги спуштам страстите и да се почне да се работи и живее во Рашче. Со вакви искажувања кои беа кажани овде од говорницата не им помагаат ни на вашите активисти од ДПА во Рашче, најмалку во Кондово и било каде. Она што ќе остане трага за мене како пратеник, човек кој што потекнува од таа средина, и веројатно за целата таа изборна единица е фактот дека прв пат луѓе од надвор доаѓаат во избирачко место и вршат тоа што вршат. Спрема тоа, верувајте дека јас се чувствувам најодговорен од сите, па затоа апелирам со вакви полу вистини и невистини немојте да ги загревате страстите, не им помагате никому, не го решаваме проблемот. Проблемот ќе мора да се реши овде трезвено изнајдувајќи факти, аргументи и начин како да се излезе од оваа ситуација. Инаку ни на крај памет, ќе видите во мојата дискусија кога ќе ми дојде ред не би паднал јас да се бавам со такви полувистини и невистини кои ништо не допринесуваат. Благодарам.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Ви благодарам и јас.

Фатмир Етеми повелете.

**ФАТМИР ЕТЕМИ:**

За жал господинот не го слушна мојот говор или слушнал дел можеби на некој екран или дел некој што му шепнал во уши, а фактички незнае што сум зборувал јас. Да знае дотичниот господин што зборуваше преески, јас него не го ни спомнав дали бил во Рашче или Кондово. Значи дава многу погрешна информација или погрешно некој му интерпретирал.

Втора работа, јас Грчец не го спомнав господине, а трета работа е дека во Рашче, синот на вашиот бивш градоначалник им се заканувал на избирачките одбори со пиштол, ако не ќе му донесам тука на говорница човек што ќе даде изјава преку медиумите и за тоа да ја потврди таа изјава. Намерата не ми беше да создаваме тензии тука, туку да се решат проблемите а не тука некој да излегува и да прави политички маркетинг. Благодарам.

**РИЗВАН СУЛЕЈМАНИ:**

Јас навистина овде јавно барам господинот Фатмир Етеми да го изведе пред јавноста и пред камерите и пред новинарите да каже тој човек дека така се случило.

**АЗИС ПОЛОЖАНИ:**

Господине потпретседателе, јас ќе дозволите да полемизирам со делот од излагањето на господинот мојот ценет другар господинот Фатмир Етеми каде што спомна во делот, во Делогожда, Струшко каде што сум јас пратеник се скршија кутиите. Само со една реченица. Да, господо, на жалост во Делогожда се скршија кутиите. Но би било голема среќа да во таа Изборна единица и во Струшко каде што јас ги знам состојбите да беше тоа единствен прекршок на законот. Јас пристанувам без разлика од која страна е тој што го прекршува изборниот процес и за полнење на кутии и за затварање предвремено на изборни места и за тие што ги кршат кутиите, без разлика од која страна биле тие, јас пристанувам тие законски да одговараат. Не ме интересира од која страна. Ако така мислиме мислам дека ќе направиме клима за во иднина тоа да не се повтори. Благодарам.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Господине Фатмир повелете.

**ФАТМИР ЕТЕМИ:**

Значи и господинот Положани признава дека нивните членови, поточно нивниот кандидат за градоначалник во Делогожда ги искршил кутиите. Толку.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Господинот Положани, повелете.

**АЗИС ПОЛОЖАНИ:**

Господине потпретседателе, јас мислев дека стварно ќе полемизираме домаќински. Воопшто не реков дека градоначалникот ги скршил кутиите. Не реков, затоа што сакав да избегнам, туку воопшто не е точно дека градоначалникот, сега бившиот градоначалник од Делогожда ги искршил кутиите, затоа што стварно тој не ги скршил кутиите. А, пак велам и не реков дека активистите на ПДП ги искршија кутиите. Реков, било кој да извршил таков законски престап, а прво е полнење на кутии, предвремено затварање на избирачки места и притисок врз граѓаните да се гласа за дотичната партија и вклучувајќи ги и тие што ги кршеле кутиите, без разлика од која партија се, јас незнам од која се, органите треба да утврдат од која страна се направиле тие пропусти. Јас пристанувам еднаш и за секогаш да се почне оттука да се одговара за сите пропусти. А за среќа велам, најмалото тоа што се случи во Струга е тоа што се случи во Делогожда. А што се случи, јас стварно не сакам, ова го реков овде зошто не сакам во мојата дискусија да се впуштам со такви, со таков начин на дискусија, зошто ценам дека тоа е контра продуктивно, ценам дека тоа не оди во полза на конструктивност на целта што ја има оваа седница и затоа мислам дека за волја на вистината уште еднаш да кажам дека воопшто не е точно, не тоа што јас сега реков дека скршена е кутија, посебно градоначалникот ги скршил кутиите, па не е тоа, немојте така да се играте со луѓето ве молам.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Благодарам. Фатмир повели.

**ФАТМИР ЕТЕМИ:**

За последен пат, околу 14 часот членовите на избирачките одбори на двете изборни места во Делогожда информираа дека поранешниот градоначалник на Делогожда кандидат за градоначалник на овие избори од ПДП, придружен од група на активисти на ПДП, придружени од граѓани од надвор ги искршиле кутиите. Тоа е факт. И сега некој сака или не сака да ги изврти тезите тоа е посебно. Благодарам.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Господине Положани по трет пат се јавувате, повели.

**АЗИС ПОЛОЖАНИ:**

Најодговорно уште еднаш тврдам, најодговорно јас лично, значи денеска пред сите тука, градоначалникот на Делогожда не ги скрши кутиите во Делогожда и тоа што во таа информација пишува, воопшто не е точно. И барам, барам од органите на власта кои што се одговорни за оваа работа, да ја расчистат да видат стварно кој ги скрши кутиите. Јас тоа го барам, а тврдам со секоја одговорност јас лично дека градоначалникот, за него гарантирам дека не ги скршил кутиите во Делогожда и тоа да му е јасно на секого.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Благодарам. Повелете.

**БИЛАЛ ЉУТФИИ:**

Господине потпретседателе, мене ми е драго вака што господинот Положани не спомна дека вака објективно ја пресликува фактичката состојба во Делогожда и ги обвинува членовите на ДПА. Јас високо го ценам напорот на господинот Положани да одговараат сите тие што ги вознемируваа граѓаните на денот кога се гласа. Но, убеден сум дека Положани не е вклучен во таа структура која впрочем и го измисли теоретски тоа сценарио и на 10-ти во практика го реализирале. После настапот на господинот Положани уште повеќе ми е јасно дека тој не е во таа структура, затоа јас ја ценам неговата дискусија и можеме да разговараме за негативните појави не само во овие избори, но и за понатаму можат да се надминат и таквите појави да не се случуваат во иднина.

**АЗИС ПОЛОЖАНИ:**

Господине потпретседателе, сакам да укажам на факти и на тоа што навистина објективно и како човек јас можам да го искажам, значи зборувам, јас сум пратеник на ПДП и од тој аспект јас не се оградувам и не велам дека на други места изборите не биле вакви и такви, туку јас зборувам само за таа територија, само за тие избирачки места каде што сум јас пратеник. И таму се случи тоа што реков и мислам дека, кога би ја сфатиле сите состојбата со иста загриженост како што јас мислам дека сум ја сфатил, мислам дека има место за конструктивноста на сите, па и од претходниот дискутант.

**БИЛАЛ ЉУТФИИ:**

Па и не би било фер и не би звучело вака академски, доколку господинот Положани би се осудил да

зборува и за другиве избирачки места, односно општини, бидејќи ќе произлезе вистината, дека би требало да зборува за Ќазим Медиу, би требало да зборува за Самет Љатифи, за Ариф Реџепи, Сали Емини и други кои се обвинети за кривично дело. Затоа добро би било да не навлегува во другиве општини во однос на изборите, бидејќи не ќе биде во состојба да ја пресликува состојбата, бидејќи не е од Тетово и не ги знае работите, а дотолку повеќе и во другите градови. Објективно нека ја пресликува состојбата од таму од каде што доаѓа. Но, ако веќе продолжат другите пратеници да ги расветлуваат случаите, тогаш и ние ќе си одиме до крај.

**АЗИС ПОЛОЖАНИ:**

Следува она што е логично. Господинот Положани не смее да зборува за другите, затоа што не знае. А, господата од ДПА зошто зборуваат за Делогожда, кога тие не се од таму. Така што ве молам за малку коректност. Јас се согласувам и зборувам за тоа за што сум сигурен дека се случило. Па истото, ако сакаме да бидеме конструктивни нека важи и за нив.

**БИЛАЛ ЉУТФИИ:**

Апсолутно, јас иако имам добра слика вака напишана од изборите за сите општини, воопшто јас не зборував дали е точно или не, во Делогожда што се случило и не ми дозволува совеста да го оттуѓувам на било кој пратеник правото да се искажува во однос на изборите, па воопшто земено. Но, целта ми беше вака позитивно да ја квалификувам дискусијата на Положани, знаејќи дека тој не е во таа структура што кокетира со авторите на сценариото за Локалните избори.

**АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ:**

Се надевам дека кршачот на кутиите е дефиниран и веќе нема да се разговара за него. Поентата ми е сосема друга заради актуелноста на самата точка, поточно охридските случувања, би ги замолил пратениците и потпретседателот на Собранието да направиме една мала рокада, затоа што едната страна веќе ја слушнавме, она што вчера беше презентирано од господинот Илија Илоски. Сакам да му го отстапам местото на "првообвинетиот, координаторот на ВМРО - ДПМНЕ од Охрид" да каже свој дел од вистината, а јас си го задржувам правото на крајот на сите овие дискусии да се јавам за збор. Затоа би ве замолил еве, оваа рокада ако ни дозволите да ја направиме.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Да си ги смениме местата.

Се прави распоред, господо.

Меѓусебно пратениците можат да прават распоред, по мое уверување.

Господине Рубенс повелете.

**РУБЕНС НАУМОВСКИ:**

Им благодарам на пратениците што ја дозволија оваа измена и вам г. потпретседателе, а пред се на г. Флоровски.

Почитуван потпретседателе, почитувани колеги пратеници.

Искрено да ви кажам, уште на почетокот кога стана збор за една седница со ваков дневен ред и бев резервиран, а и посакував да имам една ваква седница, тргнувајќи од еден основен основ, очи во очи да се погледнеме и да ги разгледаме сите состојби после настаните во овие локални избори и со една единствена цел заеднички да ги согледаме сите оние негативни појави, кои создадоа една таква атмосфера во нашата Република и со една единствена цел да извлечеме поука и заеднички да трасираме еден пат за наредните итн., избори. Но, очигледно е дека од предлагачот и подносителите на информациите за овие локални избори, од настапите на некои од нив, очигледно е дека кај нив не бил тој мотив, очигледно е дека основниот мотив и цел бил политички да се поентира токму во онаа насока која водеше кон нивната основна цел во овие избори, дестабилизација на Парламентот и Владата, со создавање услови и предизвикување на предвремени парламентарни избори и пад на оваа Влада. Целата дискусија од нивна страна досега, на оваа седница по овој дневен ред е насочена токму во тој правец и таа цел. Не видов ниеден момент и цел, она што за мене беше основна цел и мотив, како што реков, најчесно заедничките да ги согледаме слабостите со димензија онаква каква што е, со одговорност и на едните и на другите и на сите кои бевме фактори и чинители во овие локални избори. Така да се подготвував и подготвував дискусија која, да ви кажам, немаше предвидено ниту едно име и презиме, но очигледно ми стана јасно дека ќе морам да изговорам неколку имиња оваа моја дискусија и дека ќе мора оваа дискусија малку да ја преконцепирам, по

малку да биде и реплика, и во себе да содржи многу реплики.

На почетокот би почнал, бидејќи во мое отсуство сум бил познат неколку пати и да кажам дека во излагањето на г. Илија Илоски имаше толку вистини, колку што имаше вистина дека бев во Малезија. А толку витештво во неговото излагање, или толку го разбира витештвото, колку што витешки е да се нанесуваат ниски удари од типот кој ми ги нанесе мене со неговото излагање во првиот ден кога бев отсутен. Имено, ако не злонамерно тогаш не може и неодговорно да се искаже некое тврдење, а да не е така. Јас воопшто не бев во Малезија, а притоа да се нарече турнеја во Малезија, како да сум бил со некој циркус или патувачки театар на турнеја. Јас бев во Холандија со парламентарната комисија за образование и наука, со една делегација која уште во мај месец да ја изврши таа посета, меѓутоа се пролонгира до овој месец и таа посета беше програмирана, договарана долго време, не програмски со цел да избегам од оваа седница, туку едноставно така се договорило, тие средби што беа таму извршени и едноставно дојде тој ден и јас заминав на таа седница.

Сега тврдењето дека г. Илија Илоски дал приоритет на оваа седница, бидејќи многу биле важни настаните односно по мене многу било важно да се прокоментираат настаните и пак политички да се нападне и да се поентира и целата дискусија пак насочи кон нивната цел, предизвикување предвремени парламентарни избори. Толку било важно. Да бил толку загрижен, секако можел да стори доволно да се избегнат онаа димензија, трагичните последици што настанаа. Веројатно еден од тие што бил во таа група на СДСМ, кој навивал за таква опција на водење на изборите и веројатно доаѓањето на 18-то дете од Кочани е дел и од неговата заслуга, па можеби и спомнатото полатско миење раце, вадење, повеќе беше потреба на г. Илоски, бидејќи јас немам никаква одговорност, баш никаква за судбината што го снајде тоа младо момче, а не би рекол и за него така или за СДСМ или тимот, или онаа опција во СДСМ кој заговарала таков начин на однесување и водење на кампањата во овие избори.

Доаѓам од Охрид, претседател сум на општинскиот комитет на ВМРО -ДПМНЕ и еве ја и мојата информација за локалните избори во Охрид.

Нашиот приод, на нашата партија и на нашиот општински комитет од изборот за кандидат беше таков да одбереме човек кој ќе биде човек во градот почитуван, кој зад себе ќе нема никакви, така да речам дамки, кој зад себе напротив ќе има едно минато од морален аспект, од професионален аспект минато кое би било почитувано во градот и кај граѓаните на Охрид. Тоа и успеавме, затоа се одлучивме за д-р. Никола Наумов кој, во секој случај и од редовите на СДСМ, при дефинитивната одлука на општинскиот комитет заедно со коалициониот партнер ДА, кога дефинитивно се согласивме да ни биде тој кандидат, беше тивко поздравено дека сме направиле добар избор. Ние секако бевме сигурни дека сме направиле добар избор, бидејќи одбравме човек кој на професионално ниво ја постави хирургијата во медицинскиот центар во Охрид, така како што е денеска и овозможи најдобар развој на хирургијата воопшто. Како човек широк, достапен за секого, со разбирање за секого и затоа ја имаше и ја има почитта на целиот град.

Кога веќе сме кај почитта би го прашал г. Илоски, како тоа точна на 24.09, можеби требаше да каже во колку часот и во колку секунди престана да го почитува г. Никола Наумов, бидејќи така прочитав во стенографските белешки. Дотогаш го почитував. Исто така, би го прашал зошто го почитувал дотогаш и да каже зошто не го почитува од 24 наваму. Меѓутоа, се корегира, синојка на Сител гледав, рече не бил човекот таков, тој не е таков, лошо е друштвото во кое влегол. Нешто во таа смисла кажа. Можеби ќе беше доблесно да кажеше уште првиот пат зошто го почитувал до 24.09.2000. Јас кажав зошто воопшто е почитуван г. Никола Наумов.

Би продолжил понатаму.

Значи направен е еден избор на еден човек, на една личност која не е конфликтна, која не била инволвирана во никакви настани, со таков карактер на не толеранција, не доразбирање итн. И понатаму заедно со него како претседател на општинскиот изборен штаб договаравме и договоривме концепција за водење на изборната кампања. Нашата концепција ја усогласивме со стратегијата која беше предвидена од нашиот партиски изборен штаб, а тоа беше концепција и стратегија на кампања прилагодена за едни локални избори, на една мирна конвенционална кампања и така ја водевме и во првиот

круг. Имавме трибини, имавме настапи на медиумите, имавме средби со граѓани. Таа кампања и тој прв круг заврши точно со наш пораз од 2.500 гласа разлика, а ние очекувавме 2.5000 гласови разлика за нас. Секако бевме непријатно изненадени и секако дека Општинскиот изборен штаб и Општинскиот изборен комитет на ВМРО - ДПМНЕ мораше да размисли за причините и со оглед на тоа да преземе чекори и мерки да го поправи тој резултат. Но, тоа не подразбираше битно менување на нашата стратегија во кампањата и воопшто не подразбираше внесување на сила и методи на терор и на тој начин добивање на гласови, бидејќи јас секој пат сум се залагал за придобивање на луѓето, а не за присилување. Присилата е лажен метод и кратко траен. Оттука ние заедно со партнерите, ДА ги ангажиравме сите наши партиски редови, кои морам да кажам до првиот круг не беа ангажирани, не беа доволно вклучени во целата кампања. Преминавме кон мобилизација на целото членство, но со голема евидентност во работата на секој од нашите членови и со отчет за постигната работа секој ден.

Морам да кажам дека пред вториот круг од големо значење беше митингот на ВМРО - ДПМНЕ одржан во Скопје кој разреши многу дилеми и помогна, пред се кај нашето членство и нашите симпатизери да излезат од една летаргична состојба во која беа западнати, морам да кажам, во последните две години, после победата на парламентарните избори и очигледно се успеа во таа намера. Оттука дојдоа резултатите во вториот круг. Ние го поправивме резултатот од 10.000 на 14.000 гласови, зборувам грубо без финеси. Извинете ама разлика од 4.000 гласови не може да се оствари на две избирачки места. Таа разлика се оствари на територијата на цела општина Охрид и на сите изборни места, а се оствари, ви кажав како, благодарение на поголемата ангажираност и благодарение на коалицијата за промени ВМРО - ДПМНЕ и ДА. И што имавме во вториот круг. Имаше рекетари. Не е точно дека немаше. Но помина со мали инциденти, за кои јас јавно кажав и во моите изјави за тој ден. Ги чекавме резултатите со големо нетрпение и со голема возбуда и стана очигледно дека со доаѓањето на првите резултати како што ги сумиравме, дека сме ја сузбиле таа разлика, дека на повик е и можноста да победиме и на тој втор круг. На крајот останаа неизвесни уште 2-3 резултати и не можевме да знаеме дали сме победиле или не сме победиле. Дефинитивно доаѓајќи и до последните записници, бидејќи бевме во постојана координација со Штабот на ДА, се усогласивме и заклучивме дека сепак сме победиле и објавивме победа.

За настаните на двете избирачки места дознавме и разбравме, ако не во исто време, тоа сигурно после Штабот на СДСМ и бевме изненадени и вчудоневидени, со голема доза на резервираност, ако не помалку, барем толку колку Штабот на СДСМ. Намерно велам ако не помалку, ќе разберете после зошто не помалку. Значи тврдењето дека таква стратегија и такви сценарија се изрежирани во штабот на ВМРО - ДПМНЕ и ДА, или во Општинскиот изборен штаб, најенергично со голема одговорност со сета моја чест ги отфрлам и тврдам дека не е така. Вакво сценарио ни во еден момент не беше во опција ниту разгледувано во Штабот на Општинскиот комитет на ВМРО -ДПМНЕ ниту во Општинскиот изборен штаб, а како цело време координиравме сведоци се и господата од ДА дека ни во еден момент не сме предвиделе такво сценарио. Дека не сме предвиделе такво сценарио ќе аргументирам и на следниот начин, третирајќи ги сите моменти по една логична анализа на нешто.

Господинот Илија Илоски кажа дека таквите случувања се потврдени од сите комплет, и од претседателите на избирачките одбори на тие две места и од членовите на избирачките одбори од опозицијата, и од избирачките места на позицијата. Точно е. Сите признале, со разлика во нивните изјави. Јас можам да ги прочитам но да не ви одземам време. Признавам, бидејќи го имам записникот со нивните изјави дека е така, луѓето изјавиле така. Евидентирана е таква состојба.

Сега јас би прашал, ако се работи за сценарио од Општинскиот комитет на ВМРО - ДПМНЕ, зарем е можно да сме толку несериозни и толку наивни да организираме и режираме упад на маскирани лица во избирачко место пред 5-6, луѓе, тројца се само членовите на избирачките одбори, има барем уште двајца претставници на партиите. Значи, најмалку 5-6 души и тоа да помине така некој со сила да ги наполни кутиите со гласачки ливчиња и да имаме резултати поволни за нашиот кандидат. Па да ви

кажам, поцелисходно е да се потроши таква сила и да се поднесе таков ризик банка да се опљачка, бидејќи во банка влезеш маскиран, земаш пари, бегаш, парите се твои. Овде гласовите и победата не може да биде добиена ни случајно, бидејќи се покажа. Еве, ја имаме оваа седница, еве го имаме и озареното лице на г. Илија Илоски каде што поентира и триумфира токму на тој момент. Да ги гледаме логички местата. Вас би ви било повеќе од потребно едно такво случување. Еве се смееш и сега, се смееше цело време, бидејќи имаш чувство дека страотно поентирате, а поентирате кон онаа цел, рушење на угледот на оваа Влада на овој Парламент и предизвикување на предвремени парламентарни избори, предизвикување пад на оваа Влада, намалување на рејтингот кај самите нас, пратеници на ВМРО - ДПМНЕ, оправданост на напуштање на нашата партија и формирање на друга партија и пребегнувањето на 6 пратеници од нашите редови во друга партија. Баш ја гледав и емисијата со Латас, допоентиравте. Значи логиката вака зборува. Епилогот допрва ќе дојде и е многу неизвесен, после овие случувања. Ако ја гледаме моменталната состојба вие сте пресреќни, вие уживате во оваа работа, не ние. Значи сакам да кажам нема никаква логика и никој пат ниту јас ниту луѓето во мојот општински комитет ниту пак партнерите од ДА на чело со Илија Прангоски не би биле ниту наивни ниту неодговорни да режираме и да предвидиме вакво сценарио, со кое би го рушеле угледот на ВМРО - ДПМНЕ и ДА, а однапред знаејќи дека немаме никаков позитивен исход во локалните избори во една таква постапка. Прашањето е кој навистина стои зад тие настани. Не зборувам директно. Можда стои еден зад него, уште еден зад него и уште еден. Кој е во коренот, кој е во темелот на креацијата за тие настани. Тоа е работа за анализа и нема да го најдеме одговорот и денеска. Јас не можам да го видам и не тврдам. Јас ќе го барам и понатаму. Знам дека не креацијата направена во Општинскиот штаб на ВМРО - ДПМНЕ и ДА, ниту во Општинскиот комитет на ВМРО - ДПМНЕ и клубот на ДА во Охрид.

**РУБЕНС НАУМОВСКИ:** (Продолжение)

Се случи што се случи и тоа значеше дека тие две избирачки места мора да се прегласаат, значи не успеа работата. Кој би можел да поверува дека ќе успее една таква работа? Никој. Најголемиот оптимист не би можел да верува дека таква работа би успеала, на тој начин избори да се добијат. Имаме втор круг, односно прегласување трет круг. Повеќе од јасно беше дека во третиот круг ќе имаме состојби непредвидливи и многу опасни. Со господата од Демократскиот сојуз и коалицијата "заедно" уште пред изборите имавме една средба во просториите на УВР Охрид, со началникот на УВР Охрид, на која присуствував јас и г-динот Пранговски, сега неможам да тврдам но г-динот Илија Илоски, Рилкоски, или се извинувам, не беше присутен Илија Илоски, беше г-динот кандидат од СДСМ Никола Рилковски и Перо Вероновски. Ние разговаравме како да ги дочекаме изборите за да не предизвикаме нешто што не е добро за нашиот град. Притоа се согласивме дека за караница се потребни двајца, дека заедно треба да се погрижиме да не дојде до никакви несакани последици, инциденти со крајно тешки последици. Поентата беше едноставно да ги повлечеме луѓето, на избирачките места да имаат луѓе кои се по редот на нештата потребни да бидат таму, значи членовите на избирачките одбори итн. Но уште во вториот круг се покажа дека не оди така работата и факт е дека на сите избирачки места или на некои покритични изборни места имаше и во вториот круг на гласање и од нашите редови. Реков за вториот круг дека дојде до некој помал инцидент, кој помина без последици, но нормално стана јасно дека за прегласувањето ќе биде поделикатна и по опасна состојбата.

Ќе се навратам подоцна да зборувам за тензиите, за приодот на едната коалиција, за приодот на другата коалиција, ќе продолжам со хронологијата на нештата врзани за изборите.

Ние добивме информација уште во четвртокот дека СДСМ со коалиционите партнери, мислам пред се тие, ќе донесе 100 луѓе за обезбедување, јас незнам дали да ги наречам рекетари, платеници, активисти, борци, сеедно, се работи за 100 луѓе. Се покажа дека таа информација е точна и факт е дека тие луѓе пристигнаа уште пред денот на избори. Одеа наши луѓе известувачи да ни кажуваат за нивното присуство, присуство во една кафеана, во друга, за шетање низ градот итн. Ни беше јасно дека луѓето си донеле луѓе за обезбедување, факт е дека мораше едноставно да се прави противтежа и баланс. Кажувам дека и ние имавме организирано на тие избирачки места, каде што постоеше можност да се вршат дејствија кои не се во согласност со едно легално и

процедурално водење на изборни кампањи и избори, имавме и ние луѓе, точно е тоа. Но до 10,00 -11,00 часот и тој ден изборите течеа нормално. Според нашите сознанија и анализи, гласачите на СДСМ како и обично требаше да излезат од сабајлето и според нашите сознанија луѓето убаво, пристојно си излегле во раните утрински часови до 10,00 часот. Но гласачи и понатаму продолжиле да си одат на гласачките места со ненамален интензитет. Тука почнува нервозата кон 11,00 часот. Првиот инцидент е настанат некаде кон 11,00 часот и е предизвикан точно од редовите на СДСМ. Многу размислувам дали да кажам, тешко ми е да спомнувам имиња, но така почнавме, така ќе продолжиме. Од г-динот Љупчо Митревски, носител на листата за советници на СДСМ, кој со највулгарни зборови им се обраќал на минувачи, односно гласачи кои минувале одејќи кон избирачкото место, на неколку пати бил избегнат инцидент за да конечно дојде до инцидент, кој за среќа завршил само со кошкање, можеби се удриле, можеби не, но немало физички контакти и луѓето се разделени навреме. Веројатно после тој настан ни се јави г-динот Илија Илоски, точно е дека ми се јави по телефон и ми вели, не можам да цитирам, не земајте ме за збор, но смислата беше оваа: Што правите? Се избивте или се бијат? Распрашав, велам, а бе Иљо, викам, сами се избивме, нашите се избија меѓу себе или со некои други се избија, прашувам, ме разбираш што сакам да ти кажам. Значи, сака да каже дека дошло до судир меѓу луѓето кои биле од нив таму пуштени и меѓу луѓето кој биле од нас таму пуштени, или заинтересирани за нашите резултати. Реков, ќе одам до општинскиот комитет да добијам подробни информации, бидејќи незнам што се случувало и ќе се јавам, одам во општинскиот комитет и ги добив овие информации што ги кажав. Точно е дека дошло до судир, меѓутоа, судирот бил предизвикан со се позачестено иритирање или провоцирање на луѓето, на гласачи и на нашите набљудувачи таму од страна на водечка личност и на таа група и на сите луѓе бил Љупчо Митревски и директно тој провоцирал и иритирал. Тоа се информациите што ги добив. Тогаш помислив, човекот, мислејќи на Илија Илоски мора да знае што се случува, мора да знае и тој како се предизвикани, како е предизвикан инцидентот и сега што ме бара мене, нека се јави кај неговите луѓе и нека ја смири ситуацијата, а јас најцелисходно што помислив дека можам да превземам - се јавив до началникот на МВР со бараше, со молба сите непотребно присутни луѓе тука, дали се рекетари, сеирџии, заинтересирани од една или од друга страна, заради натамошниот тек на изборите да бидат што подалеку оддалечени од избирачките места, бидејќи тоа се случуваше на капијата на ресторанот "Магнус", на самата капија која до самото избирачко место е 25 метри. И тоа се случи. Колку што знам, сите биле на оддалеченост можеби 200 метри. И понатаму гласањето си продолжува по нормален тек, без никаков инцидент, без никакво пријавување за било каков инцидент на гласачкото место и на едното и на другото.

Но почнав со времето 11,00 часот и излегувањето на гласачите, зошто во 11,00 часот се зачестени провокациите кажав. Заради тоа што нивната проценка била во раните утрински часови до 10,00 часот да завршат со гласање нивните гласачи и понатаму да ја ценат состојбата колку други гласачи ќе излезат. Според нивната проценка, многу гласачи излегуваат. А ние во анализите што ги правевме имавме една проценка, зборувам отворено, доколку на двете избирачки места излезат 800 гласачи, имаме можност да го подобриме резултатот. Доколку излезат над 900 или 1000 гласачи, ние можеме да сметаме дека ќе победиме.

Во критичниот момент во 14,30 часот, кога се случи инцидентот со тешки последици, на двете избирачки места веќе беа излезени 1150 гласачи, господа како што ние знаевме дека тој одѕив на избирачи за нас е шанса и гледаме успех на прегласувањето, така и господата од штабот на СДСМ ја увидоа истата ситуација, дека тие ги губат изборите. Тогаш почнаа тие нервози, за да кулминираат со последната провокација која исто така е започната од СДСМ, од луѓе на СДСМ, како што имам информација од истата личност со погрдно обраќање од другата страна не би сакал да цитирам некои работи, но би било сликовито, некој се труди да биде сликовит, но нема да цитирам дел од тие работи. Се работи за најтешки провокации, на што иритирани дел од граѓаните, незнам име и презиме на ниту еден, незнам дали биле обезбедување, членови или сеирџии, но се упатиле кон колата веројатно за да се разјаснат малку подобро, дали физички или не, незнам која била намерата. Но е настанат контакт во секој случај и тогаш е почнато со пукање по колите на СДСМ, почнувајќи од првата колона, бидејќи биле повеќе возила во колоната, кои впрочем целиот ден по неколку пати кружеле на тоа избирачко место, како и на другото и првите пукотници се слушнати и испукани од

колите на, пак ќе речам дали рекетари, дали обезбедување, дали активисти, борци на СДСМ, не сакам никако да ги наречам, главно луѓе од СДСМ. Според информациите што ги имав и што ги добив денес, во тој момент настанува општа пукотница и не се знае веќе кој се пукал таму. Последиците ви се познати на сите. Сега, поентата или епилогот после тоа кој е? Пак ќе речам, не крајниот епилог. Епилогот е еве, ги разгледуваме тие настани денес, опозицијата си настапува нормално од нивен аспект со нивни прикази на нештата, макијавелизмот ни го препишува нам, витештвото себеси. Ами, нели е голем макијавелизам да донесеш деца од ваму, од таму, 18 годишно дете да го изложиш на таква опасност? Што е ако не е макијавелизам? Дури не е ни макијавелизам, би рекол малку несериозност, голема неодговорност, бидејќи млад човек на 18 години не верувам дека може добро да процени ситуација, ниту да се снајде во ситуација, а се фрла директно во оган.

Значи, почнав со тоа дека мотивот за една ваква седница, целта би била да ги согледаме заеднички комплетно работите и да ги согледаме вините, или вината подеднакво како кај другиот, така и кај себеси, а не цело време да настапуваме од позиција дека ние сме ангели, ние сме јагнињата, а вие сте грдите, а вие сте терористите, вие сте макијавелистите. Да видиме малку и хронологија, бидејќи се си има корен и генеза.

ВМРО - ДПМНЕ 8 години беше опозициона партија. ВМРО - ДПМНЕ не можеше да собере рекетари ниту да ги плати, немаше ни потреба. Кој го воведе рекетарството во оваа земја? Не одговарам. Кој воведе лажирање на избори? Станува збор за уфрлување на гласачки ливчиња, гласање со лажни легитимации, дупли легитимации. Господа, во 1998 година сите инструменти на власта беа во рацете на СДСМ. Оттука, јас се сомневам дека некој од штабот на ВМРО - ДПМНЕ му се јавил на г-динот Илија Илоски и му кажал - внимавајте овие ќе ги лажираат изборите со лажни легитимации. Се сомневам, и немало потреба. Таа идеја е од кај нив, кај нив е присутна многу одамна, тој метод е многу користен, а не наивно да се каже овде дека досега е ни слушнат, ни виден метод. Јас сум длабоко убеден дека тој метод од ваша страна во минатите избори. А дека имало и други методи, дека имало многу луѓе особено по потекло од Дебарца, кои живеат во градот со дупли гласачки легитимации, а овде можам да ги читам изјавите и записниците, на едно место гласале со стари лични легитимации без матичен број, гласале со возачки исправи, пасоши од Австралија и ред други документи, кои не се документи пропишани според закон, а тоа се лична карта и пасош. Значи, на едно место се гласа со една адреса, на друго со друга. Тие методи беа користени долго време. Ние укажувавме, не беше ништо преземано. Укажувавме 1994, 1996 година, дури и 1998 година.

Морам пак да реплицирам на дел од дискусијата на г-динот Илија Илоски, за тоа кој како станал пратеник. Многу невкусно, две години сме пратеници овде, многу невкусно е да му кажувам на г-динот Илија Илоски, како станал пратеник. Но секој треба да се запраша како станал пратеник, не можеме ние да зборуваме како станал г-динот Илија Илоски пратеник. Стана пратеник благодарение на претседателот на изборната комисија на изборната единица 49 Радица Ристевска, која беше во тој момент началник на Министерството за правда - подрачна единица Охрид и преку која врвеа сите информации. Меѓутоа, беше и претседател на изборната комисија на изборната единица 49. Таа самата има изјавено, кога сакам јас, тој ќе го направам пратеник. Значи таа сакала г-динот Илија Илоски да биде пратеник и го направи пратеник. Да видиме, да се потсетиме на таа изборна година кога стана збор аз терор, насилство и рекетарство. Точно таа изборна година во село Велмеј - од таму ми се чини дека сте - група младинци на ВМРО - ДПМНЕ лепејќи плакати и пропаганден материјал во тоа село, биле пречекани на излезот од селото со препречување на коли и нема да кажам како г-динот Илија Илоски дека биле претепани до смрт, само ќе речам дека биле исшамарани, на чело на групата бил ми се чини братучедот на г-динот Илија Илоски Раде Мијалевски. Знаете кој бил изговорот? Што бара ВМРО -ДПМНЕ во Велмеј. Тоа било причината, имавме таков случај сличен оваа година во Слатино, ни беше една кола препречена на мостот, не сум сигурен, мислам, но ни беше препречена кола, не сакам да тврдам чија кола беше, со истото тврдење -што барате во Слатино. Ајде малку се убедивме, сепак можеби заобиколивме малку, влеговме во село, нај кротко поразговаравме со луѓето и меѓу себе испушивме по една цигара и си заминавме од Слатино. Имавме таков случај и во село Велмеј оваа година, никако не им беше право како може во село Велмеј, толкав собир да одржи ВМРО - ДПМНЕ со

коалициониот партнер Демократска алтернатива и толку срдечно да бидеме пречекани.

Имавме инцидент. Значи инциденти имало и порано и била применувана сила и порано. Но, сега е друго прашањето.

**РУБЕНС НАУМОВСКИ:** (Продолжение)

Ние едноставно не можеме да кажеме, кој ви е крив и за тоа сакам малку да зборувам, за односот на партиите, субјектите во изборите, за односот на судиите кои се претседатели на Општински изборни комисии, да зборувам и за односот на МВР. Ајде да зборуваме, малку хронологија, да видиме. Во 1994 година избори односот на МВР. Пред штабот на општинскиот комитет на ВМРО -ДПМНЕ, полно комбе со панцирни одела и до заби вооружени полицајци. Во сите соседни угостителски објекти по еден агент, во Медицинскиот центар исто така неколку агенти. Каде ќе излезев јас таму зад мене имав стално придружба. Тоа беше така да речам дел од работата на МВР 1994 година. Понатаму, бев и приведен истата година, заради тоа што растурав летоци на кои пишуваше на кои беа објаснувани правата на граѓаните, избирачките права, на кои немаше ниту име и презиме, ниту порака за кого да се гласа, а изговорот беше дека не сум смеел за време на молкот меѓу двата круга да вршам пропаганда. На тој леток немаше никаква пропаганда, летокот само ги објаснуваше правата на избирачите, бидејќи голем дел од избирачите не можеа да го остварат правото на глас. Во комитетот на ВМРО - ДПМНЕ и 1994 и 1996 година, безброј луѓе одеа до крај револтирани, до крај иритирани, најчесто тоа беа жени и со солзи на очите заради тоа што не можеа да го остварат правото на глас, немале легитимација. Поднеле барање за легитимација, дојде судниот момент да се гласа, легитимацијата ја нема. А знаете зошто ги немаше легитимациите? Заради тоа што така прецизно и доследно и коректно делеа. Ќе се дадеа на некои курири, или незнам кому и тој во првиот ендек ќе ги фрлеше, нормално селектирано, легитимациите и нормално луѓето не можеа да дојдат до легитимации. Целото тоа време до 1998 година, шеф на легитимациите како началник на подрачната единица на Министерството за правда беше г-ѓата Радица Ристевска, која беше претседател на изборната комисија за изборна единица 49, во која победи г. Илија Илоски. Тогаш имаше и до таа изборна комисија поплаки, приговори за поништување на избирачкото место, сега незнам кое каде што беа искршени две избирачки кутии, односно една избирачка кутија. И целиот избирачки материјал со избирачките одбори отидоа во изборната комисија во општина беше преброен избирачкиот материјал и со записник кој го имам тука констатирана разлика од 10 избирачки ливчиња вишок, со записник, потпишано за да наредниот ден тоа биде неважечко. Едноставно беа одземени од гласовите на Стојан Буџаковски противкандидатот на г. Илија Илоски. И заврши, немало неправилности, немало аномалии, се било легализирано, колку излегле, толку гласале, итн. Значи немаше прегласување. Приговорите за уфрлување на гласачки ливчиња на целата територија на изборната единица 49, што подразбира и Турија и Мраморец и Велмеј и Белчишта итн., од таа иста изборна комисија не беа уважени. Се беше неосновано. Сите приговори беа ама баш до еден неосновани и ништо не се поништи во таа изборна година 1998 година, и г. Илија Илоски во првиот круг стана пратеник.

Сега да видиме малку за односот на судиите. Зборував за еден судија г-ѓата Радица Ристевска, денеска судија во Општинскиот суд, инаку еден од водачите на кампањата за солидаризирање на сите судии во Општинскиот суд со судијата г. Јован Костовски за неприфаќање на функција претседател на општинска изборна комисија. Читам од стенографските белешки г. Илија Илоски за г. Јован Костовски вели вака, тој бил така некој човек што г. Илија Илоски не го знаел, ама слушал по чаршијата. Од редовите на СДСМ направете ја сега разликата, од редовите на СДСМ бил окарактеризиран како наш човек тој е приврзан, или окорели ВМР-овец, оставете го на страна, од него нема аир. Така СДСМ го окарактеризира. А ние пак ВМР-овците викаме, тој е човек од СДСМ и тој мора да се линчува. Гледате колку се пофини луѓево. Тие викаат: "оставете го човекот од ВМРО, од него нема корист, тој ќе не уништи нас". Но, никаква закана, толку доброчудни се луѓето што велат: "само оставете го на страна". А ние од ВМРО викаме: "тој е од СДСМ и мора да се линчува". Тоа пак чаршијата зборуваше така нели? Чудо едно колку се темелиш од сите твои тврдења на зборувањето по чаршијата. Јас никогаш не сум се повикал на чаршијата до сега.

Сега за г. Јован Костовски. Пред вториот изборен круг сабота при доделување на избирачките материјали на избирачките одбори, без никаква потреба, без никаква таква дилема поставена, или

прашање од членовите на избирачките одбори, ниту од СДСМ, ниту од ВМРО - ДПМНЕ прашање за надокнада за хонорари и за нивната функција членови на избирачки одбори, г. Јован Костовски си зема за право на денот кога треба да ги подели избирачките материјали на избирачките одбори да ја нападне Владата, да го нападне потпаролот на Владата со тврдење дека е лага, дека се доделени средства во избирачките комисии и дека никојпат нема да бидат доделени тие средства и да не очекуваат надокнади. На што нормално нашите претставници на избирачки одбори реагирале, а неговата реакција на реагирањата на нашите членови на избирачки одбори кои едноставно му кажале дека со тоа врши политичка пропаганда од позиција на претседател на општинска изборна комисија врши политичка пропаганда, напаѓајќи ја Владата и изразувајќи недвосмислено сомнение дека ќе бидат исплатени тие средства, тој на тие реакции од нашите членови реагирал со тоа што ги исклучувал надвор. Замислете, членови на избирачки одбори треба да им подели материјал, а тој ги исклучува надвор и им вели: "ако сакаш седи, ако не ти се слуша, излези надвор".

До мене дојдоа реакциите и јас поитав во општина Охрид, каде што беше сместена општинската изборна комисија и го затекнав г. Јован Костовски во едно опкружување на иритирани и револтирани членови на избирачки одбор кои бучно дискутираа со него. Се повлеков малку на страна, почекав да заврши таа дискусија, но слушнав дел од дискусијата на г. Јован Костовски каде што на еден член, наш претставник, наш член на избирачки одбор му рече: "нема да дозволам никој пат човек како тебе да биде член на избирачки одбор". Тоа го слушнав. Почекав малку и отидовме во канцеларијата на Општинската изборна комисија, бев замолен да се воздржам уште малку дури да заврши со разговорот со МВР. Господинот претседател на Општинската изборна комисија, бараше зајакнување на обезбедувањето од МВР, бараше заштита од членовите на избирачките одбори. Замислете, претседателот на Општинската изборна комисија се довел до таква ситуација да бара заштита од МВР, а јас тврдам не му беше потребна никаква заштита, бидејќи проценив, видов дека никој нема намера физички да го загрози. Почекав и ми ја објасни целата ситуација како дошло до тоа и тој тврди дека морал да им објасни на луѓето дека пари нема, а нема пари заради тоа што Владата нема исплатено средства и нема да исплати средства. Јас му укажав, г. Костовски, вие како претседател на Општинска изборна комисија должни сте да воспоставите односи со сите членови на избирачки одбори, односи на корекција, на толеранција, на почит и уважување и да изградите една атмосфера благопријатна за работа. Ова што видов надвор воопшто не наликува на една таква определба. И да не должам, многу да не раскажувам, на крајот го прашав: "г. Костовски да ве прашам отворено и искрено да ми одговорите дали вие се сомневате дека Владата на Република Македонија ќе ги исплати средствата за избирачките комисии и избирачките одбори". Тој рече: "не се сомневам, не верувам во таа работа и тогаш го прекинав разговорот и реков дека нема потреба понатаму да разговараме, бидејќи не очекував да слушнам таков одговор". А видете, се наоѓаме пред вториот круг на гласање. Самиот тој и неговите колеги биле и во минатото членови на избирачки одбори, или на изборни комисии. Јас знам дека наши членови добивале надокнада дури по три, четири месеци, па немало нервоза. Луѓето прашуваа: кога ќе ги добиеме, кога ќе ги добиеме и така се пролонгирало од три до четири месеци, а може и повеќе. А веќе нервоза е направена пред вториот круг на гласање, како да е се готово. Зборувам за јасна, уште тогаш прочитав дека г. претседател на Општинската изборна комисија г. Јован Костовски има заземено од страна, има фатено страна. Тоа се покажа до крај до неговата оставка во целото негово однесување за цело време, преземајќи дејствија кои ниту малку и никаде не беа пропишани со функцијата претседател на изборна комисија и цело време со неговото однесување иритирајќи ги нашите претставници на избирачки одбори, нашите членови на изборната комисија, воедно давајќи им крила и полет на членовите на избирачки одбори на Општинската изборна комисија од СДСМ. Мислам дека најголемата нервоза токму беше предизвикана од негова страна. На секое негово појавување дента на критичниот ден на 24, тој се појави по неколку пати на избирачките места, секое негово појавување според информациите што ги добивавме и од нашите членови на избирачки одбори и на други членови значело иритирање на присутните, пред се на претставниците на нашата коалиција. Последното негово појавување можеби допринело да кулминираат сите настани и текот на настаните и дојде до тоа што дојде. Ова беше мал приказ за односот на судиите.

И сега имаме состојба, сите судии во Општинскиот суд во Охрид се солидаризирале со него и не прифатиле функција на претседател на Општинска изборна комисија. Па да ви кажам право, сега ќе кажам исто така нешто отворено. Нас ни беше од штабот на ВМРО - ДПМНЕ во Скопје побарано мислење за одреден број судии да евентуално до членовите на Државната изборна комисија нашите членови од ВМРО - ДПМНЕ од коалицијата за кого би се зазеле повеќе. Ние не најдовме ниеден единствен судија кого би можеле да окарактеризираме како приврзаник, или, симпатизер на ВМРО - ДПМНЕ. Ние побаравме луѓе да видиме кои би можеле да бидат покоректни. И вака во еден усмен разговор кажав дека овие луѓе би можеле да бидат коректни. И само еден од тие неколку души што спомнав заради коректноста, бидејќи морам да кажам дека има и коректни луѓе меѓу судиите, таман работа сите судии да се некоректни. Меѓутоа, оваа солидарност што се случи во Охрид не е за мене случајна, се темели, или се должи на повеќе мотиви.

Првиот мотив е партиска ориентираност на поголемиот дел од нив, а оние што не се партиски мотивирани потклекнале под притисокот на еден амбиент, атмосфера што ја создаде прво Јован Костовски, понатаму со помошниците и други судии, веќе некои од нив спомнав. И секако тука е во прашање можеби и аспектот на солидарност. Некој рече во една прилика, можеби беше сношти, дека судот, судиите ни го обелиле образот. Ако е обелување на образ да се заштитат интересите на една политичка партија, можеби е така. Но, не верувам дека е тоа така.

За улогата на МВР, јас имам овде сознанија преку нашите членови на Општинската изборна комисија, како МВР се однесувала. Сите барања од Општинската изборна комисија ги удоволила и се што било побарано е сторено. На тој критичен ден испратила по 10 полицајци обезбедување, на интервенција на претседателот на општинската изборна комисија уште по 10. Значи по 20 луѓе. Цело време г. претседател е со обезбедување. Ние имаме една фактичка состојба, до инцидент на избирачко место не дојде, не се случи инцидент. Се случи инцидент надвор од избирачкото место, многу подалеку. Но, не може МВР да ја обезбеди секоја педа и секој дел од градот и да претпостави секаде каде што може да се случи инцидент, бидејќи и нема право можеби од секое место да ги отстрани луѓето. Друго е прашањето, прашањето е следно, колку беше присуството на МВР и другите субјекти минатите години во служба на позицијата, на власта и колку им беше со тоа олеснета работата. Зошто немало инциденти? Па МВР штити, рекетарите се од нив, не можело да дојде до инциденти. Сега имаме сосема друга ситуација, ја немаме поддршката од МВР, не што МВР била влезена во служба на коалицијата за промени, ја нема поддршката, тоа им недостасуваше.

Ќе ви кажам пример, јас бев член на СКМ и станав одборник во општина Охрид 1990 година од СКМ. И бевме на една прослава после конституирањето на Собранието на општина Охрид и еден висок службеник на ДБК, највисок во општина Охрид седна до мене и по рамо ме чукна и ми вели: "е Рубенсе, не знаат тие кои сме ние". Вели, "во куќи ќе им влеземе, семејствата ќе им ги растуриме". Мене кожава ми се наежи. Реков, го погоди човекот кому му ја кажува оваа работа. Значи им недостасуваше поддршката од МВР, а не стана збор дека МВР била во служба на ВМРО - ДПМНЕ или коалицијата. Но, едно заборавија, заборавија дека го немаат комодитетот, а инерција на чувство на сила и моќ продолжи кај нив и затоа тоа го надокнадија со зголемени сили на обезбедување, со зголемен број на рекетари. И со целиот нивен приод кон кампањата, кон овие избори, веќе да не се повторуваме, да се биде, или не, референдумско прашање, со нивната крајна цел да се предизвикаат предвремени парламентарни избори, да падне оваа Влада, да се формира нова Влада со низа дејствија што беа превземени кај нив и од страна јасна беше и очитлива еуфоријата и тензијата која беше создадена во Република Македонија. И ако бараме макијавелисти, ајде прво секој да го побара макевијализмот кај себе, а после кај другите. Но, тоа би било многу наивно од мене, бидејќи не е таков приодот. Приодот кај вас беше се или ништо. Не ви беа цел главна локалниве избори. Јасно е тоа. Крајната цел и ништо не ви значи ако немате власт. Сношти некој спомна што значи власта. Ние сме разбрале за две години што значи власта пари итн. Господине Илија Илоски, колку години вие бевте на власт. Не зборувам само од 90-та година наваму. Значи вие сте имале повеќе време да искусите што значи власт, сте имале повеќе време да направите пари. И затоа сте сега толку нервозни. Две години не можете да издржите без власт.

За одзивот на гласање во онаа иста година кога станавте пратеник, одзивот во Велмеј бил 81%, одзив на гласање. Значи во Велмеј може, на друго место не е возможно. Ова беше основното што сакав да го кажам, веројатно нешто и пропуштив.

Ви благодарам на вниманието и се извинувам што морав да спомнувам и имиња, но се наметна таков начин, па верувам дека ќе имам прилика пак да кажам.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Предлагам пауза до 16,00 часот.

(По паузата седницата продолжи со работа во 16,15 часот).

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Констатирам дека се создадени услови за работа и можеме да продолжиме.

За реплика се јавува г-динот Илија Илоски.

**ИЛИЈА ИЛОСКИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани пратеници.

Дозволете ми да одговорам на неколку лаги пред се морам да речам што мојот колега Рубенс Наумовски од Охрид исфрли пред оваа говорница, неводејќи сметка дека, ако се изанализира неговиот говор 90% говореше како јас сум избран за пратеник во ова Собрание, а само 10% од своето време го потрошив на онаа круцијална тема која е денес предмет на расправа на македонскиот Парламент. Подобро ќе беше да беше лично присутен на минатата седница кога јас говорев дека ме слушаше. Меѓутоа, гледам дека доста навлегол во моето четиво кое го читал, се надевам дека тоа му е едно од подобрите четива што последно време го има прочитано.

Јас незнам г-дине Наумовски што толку ве наведе секоја втора реченица да го спомнувате моето име. Јас нема тоа да го правам сега. И ако подобро се прочита мојот говор од петокот овде во оваа иста сала, ќе се види дека само на две три места бев спомнат во контекст дека сме разговарале по телефон, дека имавме едно несреќно соопштение за јавноста, после инцидентите во Охрид. И уште еднаш да ви се извинам, иако тогаш се извинив. Некои од вашите колеги ми рече дека сте биле со парламентарната делегација во Малезија, меѓутоа, не беше ни штета што кажав за Малезија, сте биле во Холандија. Истиот ден и јас требаше да одам за Ирска, но поради овие збиднувања во мојот град мислев дека е подобро да останеме двајцата овде. Но, да тргнам со неколку тези што успеав да ги извлечам од вашиот говор, кој беше долг и во одредени моменти дури досаден да го слушаме.

Цело време се служевте со една терминологија, дека на едната страна имало ракетари, активисти, војници, или не знаете како да ги наречете, а друга страна ниеднаш не спомнавте што имало. Викавте незнам што беше од другата страна, како да даде господ некој од марс да се симнат од другата страна и да ги предизвикаат конфликтите.

Второ, долго време, како што на почетокот спомнав се замаравте и воопшто и македонската јавност и овој состав на Парламентот го замаравте со тезите дека сум неправилно избран, што во секој случај лично ме погодува, бидејќи разлика од 1200 гласа и влез во првиот круг навистина ве демантираат уште во старт и немате право да барате никакви чарки, поготово после две години и овде да предизвикувате расправа во вид на некоја интерпелација на пратеникот Илија Илоски, или одземање на мандатот, бидејќи на времето не бил правилно избран. Во секој случај оние што судат и пресудуваат се граѓаните и тогаш кога излегле да гласаат па и денес кога гледаат какви лаги и невистини изнесувате овде пред овој Парламент. Дозволете ми, бидејќи времето е навистина ограничено, во пет минути да искажам се она за што ме прозивавте и еве ме опоменуваат дека имам уште една минута и на крај да се задржам за она што навистина ме погоди како човек и како политички ангажиран работник во Охрид.

Јас г-дине Рубенс Наумовски се преколнувам во моите две деца, дека судијата Јово Костовски ниту сум го видел досега, ниту по телефон сум го слушал, освен што сум го прочитал на овие последни локални избори во Охрид. За разлика од мене, вие сами потврдивте дека вие сте оделе кај него, сте се расправале на еден друг начин сте вршеле огромни притисоци како челник на партијата ВМРО - ДПМНЕ во Охрид. Ве молам немојте да ми импутирате некои работи кои не се точни. Ако сум го познавал човекот јас, како што вашиот кандидат за градоначалник го познавав и дадов некои квалификации за него, бев спремен и сега сум спремен ако го познавам да дадам квалификации за тој исти човек.

Инаку, она што викате дека сум рекол, вие сте го линчувале човекот ви донесе не само него, вие извршивте јавен линч на целокупното судство во градот. Вие денес признавте една работа од која треба

не само вие, туку воопшто вашата пратеничка група да се засрами и да се замисли пред тие нотoрни факти што сами ги изнесовте од оваа говорница, а што беше тоа? Кажавте дека на вториот круг кога ве нервирал, дека викате, ве нервирал на избирачките места, а што барал тој таму да ги нервира избирачките одбори, централата од Скопје, побарала од општинскиот комитет да им посочи две лица, доколку го смениме овој кои треба тие две лица да бидат. Па каде оди оваа држава и во кои демократски процеси ја доведуваме. Незнам кои работи ги вршевте во Холандија. Така ли ве учеа во Холандија или таму каде што шетате со авионите, да ви препорачува централата да избирате судии кои ќе ви ја завршат валканата работа. Срамота и тоа невидена срамота.

Самиот чин што вториот круг кој е најбитниот и најсуштествениот момент за да настанат такви конфликти во Охрид и во третиот круг, вие или вешто или несакајќи или незнаејќи го одбегнувате и воопшто ништо за вториот круг не зборувате. Дури се дрзнувате да давате квалификација, во случај некој некому да му впери пиштол на слепоочница и го држи како заточеник, заедно со неговиот син, скоро еден час на избирачкото место и после да го принуди да го потпише тој фалсификуван записник, тоа за вас е ситница. Затоа што тоа за вас е ситница г-дине Наумовски, затоа во третиот круг не беше ситница, дојде до ранување. Треба да си замислите за тие факти и квалификации што ги давате.

Второ, и ден денес тврдам кога реков дека пилатовски си ги миете вашите раце, тоа го направивте и денес, ќе ви кажам во кој момент.

Прво, во првиот говор реков дека пилатовски ги миете рацете со едно несреќно соопштение што го дадовте за јавноста, непосредно 1 до 20 минути после големиот инцидент, каде што викате ве изнервирал судијата Јово, кој отишол на лице место во избирачките одбори да ги идентификува лицата кои гласале со лажни, фалсификувани лични карти. Па што му е работата на Јово Костовски ако не му е тоа да види како се одвива гласачкиот процес и да обезбеди ред и законитост во изборната процедура. Ако, не му е тоа да идентификува лица кои одат со лажни лични карти издадени, ќе се потврди подоцна во истрагата каде и од кого, ако не му е тоа задачата. Денеска пилатовски си ги миете рацете вклучувајќи ја во оваа ваша игра и ДА. Зошто упорно денес тврдите, ние и ДА. Има луѓе од ДА ќе си кажат, пријавени се за дискусија. Реков, ако сакаме да излеземе од овој ќорсокак вие треба да направите јасна дистинкција, кој што правеше дента на теренот. Како што јас, иако бевме сите во штабот од коалицијата за Македонија заедно, правам јасна дистинкција и најпрво јас овде говорам, никого не отповикувам, ниту од ЛДП ниту од СП.

И последно, еве ме опоменува потпретседателот за времето, сакам да ви спомнам уште една лага што ја изнесовте пред овој Парламент. Рековте дека се, од судија до чистач во судот е наше, рековте дека и овие двајца што биле во Општинската изборна комисија биле наши, дури и тие што ги дистрибуирале гласачките легитимации биле наши. Јас лично не ги познавам тие луѓе. Знам само едно дека сите курири, а тие информации ваши луѓе ги даваат во нашиот штаб, не наши. Сите курири кои ги дистрибуираа гласачките легитимации се ваши партиски луѓе, со партиски книшки. Двајца се фатени на дело како ги дистрибуираат прво во општинскиот комитет на ВМРО - ДПМНЕ, а од тука се врши дистрибуција до последниот гласач, кој требаше да го оствари своето демократска право да гласа. За таа награда еден од тие двајца фатени го преместивте веднаш да биде на наплата во Заводот за платен промет во филијалата во Охрид.

Второ, ако бидеме чесни пред овие луѓе овде, бидејќи јас повеќе те познавам од сите овде, треба да им кажеме дека на првата конститутивна седница кога се формираше Собранието на општина Охрид, кога вие бевте наш советник таму, вие имате изјавено и ако сега ме провоцирате и викате дека лажам, јас сум спремен следната сесија на Парламентот да донесам фотокопие од стенографските белешки таму каде што вие на советничката група на ВМРО - ДПМНЕ од тогашниот состав, им викате за вас патот е само Голи Оток. Тоа се ваши зборови и тоа ваши луѓе го кажуваат веднаш непосредно после тоа кога ги враќаа книшките.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

За реплика се јавува г-динот Рубенс Наумовски.

**РУБЕНС НАУМОВСКИ:**

Ќе почнам одназад, од Голи Оток.

Ова беше експлоатирано уште 1999 година за време на претседателските избори, кога се водеше жестока кампања во Охрид. И од сили како што беа оние на заштитниот комитет на ВМРО - ДПМНЕ, во служба секогаш на вас.

Голи Оток, Рубенс не спомнал никогаш. Која година ако смеам да те прашам беше тоа. На конститутивната седница, јас излегов на говорница и го читав предлогот за претседател на Собрание на општина Охрид, за г-динот Благоја Силјановски, а не случајно беше јас да го читам. Требаше друг да го чита, требаше да го чита еден човек кој денес е во вашиот штаб. Меѓутоа ценеа дека е подобро Рубенс да го прочита, ќе биде поприфатливо за сите. Јас прочитав нешто што ми беше дадено. Во тоа немаше ништо во врска со Голи Оток.

Јас бев запрашал г-дине Илија Иловски. Сте ги прочитале стенограмите од првата конститутивна седница на Собрание на општина Охрид. Дали вие сте ги прочитале или ова е покажување на некого и го кажувате овде пред цела македонска јавност. Би сакал сега да ми одговорите за да знам како да продолжам. Дали сте го прочитале тоа од стенографските белешки на општина Охрид или покажување од некого. Добро, подоцна можеби ќе ми одговори. Тоа е ноторна лага и беше користена во низата лаги врзани за мене, за да бидам девалвиран во редовите на ВМРО - ДПМНЕ, а да бидам девалвиран токму за потребите и во интерес на оние на кои најмногу им сметав.

На кого јас најмногу му сметав во ВМРО - ДПМНЕ во Охрид, како претседател и пред да бидам претседател како водечки активист? На главниот политички противник на ВМРО - ДПМНЕ. На СДСМ. Значи тоа е од вашата кујна.

Јас не сакав воопшто да поставам некое прашање за ваша интерпелација и секако сите поинаку разбраа од ова што вие го интерпретирате.

За вашиот избор за пратеник стана збор, го зборував тоа само во контекстот на она што вие го спомнавте за г-динот Митко Тилевски како станал пратеник. Ја продолживте истата стратегија. Вие можете се и сешто, секогаш и секому, а вас никој не може, ова што не ви е по кеиф.

Вие господине Илија Илоски, поставивте прашање како станал пратеник г-динот Митко Тилевски. Во тој контекст и во контекстот на улогата на претседателот на изборната комисија за изборна единица број 49 и за улогата на судиите. Само во тој контекст го спомнав и нормално кажав неколку примери за текот на вашиот изглед.

Мојот контакт со судијата, со претседателот на Општинската изборна комисија, јас кажав токму како дојде и зошто дојде, не од тоа што јас сум се знаел пред тоа со него. Дојдов заради реагирањата како претседател на општинскиот комитет на ВМРО - ДПМНЕ заради реагирањата од нашите членови на избирачките одбори, кои беа иритирани од некоректниот однос и јас кажав што дискутирав да не повторувам.

Линч на судството. Незнам дали нешто приближно, слично, на нешто што би значело асоцијација односно што приличи на некоја тенденција за линч на судството. А посочените лица за судии, оставам резерва, изгледа не ме слушна добро.

Пред почетокот на изборите, во времето пред да се конституираат Општинските изборни комисии, моите барања до општинскиот комитет на ВМРО - ДПМНЕ за мислење на судиите, а не дури мислам дека можеби точно си разбрал ама сакаш погрешно да интерпретираш, што ти е честа пракса, јас зборував за формирањето на општинските комисии, пред почетокот на локалните избори, дека се бараше мислење од општинскиот комитет за судиите и тогаш кажав дека немаше ниеден судија за кого би рекле дека е приврзан. А за судиите за вториот изборен круг, никогаш ништо не сум рекол и нема потреба.

Пилат кажав и ќе повторам, никој пат немало и нема причина ни овој момент да чувствувам грижа на совест за да го користам пилатовството, додека тоа не е случај со вас. Потребна е кај вас таква одбрана, кај мене не е. Ниту пред Општинскиот комитет на ВМРО - ДПМНЕ.

За несреќното соопштение, јас незнам какво несреќно соопштение. Кое е тоа несреќно соопштение што сум го дал во медиумите, не гледам што е поентата на несреќата во тоа соопштение. Ги опишав настаните исто така како што денеска ги опишав. И тогаш се оградив. И спомнувањето на името на Бранко Црвенковски, јас кажав дека се оградувам. Јас кажав дека имам такви информации, но бев дециден, не тврдам дека токму така било. Оставив резерва, дали бил г-динот Бранко Црвенковски, присутен и во близина. Кажав само кои се информациите кои дошле до изборниот штаб на ВРМО - ДПМНЕ. Значи би сакал да слушнам што е несреќата во тоа соопштение.

**ИЛИЈА ИЛОСКИ:**

Само една кратка реплика.

Јас се извинувам ако погрешно сум те разбрал дека е вршен притисок врз изборот на судии во Општинската изборна комисија, помеѓу вториот и третиот круг.

Меѓутоа, кажувај една ноторна вистина и факти дека од централата на ВМРО - ДПМНЕ во Скопје, сега тоа не било во вториот, туку пред конституирање на Општинските изборни комисии, добиле факс да го проверат кредибилитетот на судиите. Кој е општинскиот комитет, по кое слово од кој закон тие се тие што треба да ги проверат и да дадат бонитет дали судиите се добри или лоши. Се работи за принципиелно прашање. А јас се извинувам ако не сум го трефнал терминот, било петок а тоа се случило во среда.

Второ, упорно ме прашува кое е тоа несреќно соопштение. Воопшто не станува збор во соопштението да се констатира присуството на господинот Црвенковски во Охрид, тој во тоа соопштение дадено само половина час после инцидентот што настана вели - подвлекуваме со особено внимание кон јавноста дека носителот на советничката листа на опозицијата, г-динот Љупчо Митревски од првиот кој го направил овој налудничав потег. Тоа не е напишано од мене, напишано е од господинот Рубенс Наумовски. Тоа фактички ги изелитира целата состојба во СДСМ, што се создадоа овие јазови помеѓу нас како политички партии таму. Кој е тој Рубенс Наумовски да квалификува овде луѓе кои први почнале, втори почнале трети почнале да пукаа или воопшто не биле присутни на местото на настанот. Да биде трагедијата уште поголема оваа реченица што е напишана во соопштението издадено само половина час после настанот е децидно цитирана во полицискиот извештај што пред неколку денови го добивме. Господа ние овде не можеме да се согласиме со состојба во РМ, еден пратеник кој е локален моќник на една политичка партија во некој град, да биде и судија, истражен полицаец итн. Тој е нашиот револт и нашата резигнација кон него како личност. Јас не го сфаќам поинаку ова негово говорење сега и негово правдање, ако не е Пилаковско.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Има процедурално прашање, се јавува господинот Рубенс Наумовски.

Процедурално, има збор господинот Александар Флоровски.

**АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ:**

Во интерес на вистината да кажам дека такви дописи како што спомна господинот Рубенс Наумовски, барем според моите сознанија, говорам за Чаир, каде јас го водам тој комитет, за Скопје такви дописи нема и не се бара политичка подобност. Јас незнам дали лаже, можеби до Охрид стигнало, но таков допис од централата на ВМРО - ДПМНЕ што се однесува до Скопје, а верувам и од другите комитети, воопшто не е баран. Впрочем, судиите ако не се лажам се избрани во ваше време 1996 година, подобност баравте вие. Сакам веднаш да демантирам дека до мојот општински комитет таква работа нема, за Скопје исто така е проверено дека нема. Штом нема за Скопје, верувам дека од другите комитети е барана таква работа.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Господа, јас ќе направам прекор.

Господине Рубенс, на вас се однесуваше прашањето и читањето на текстот. Реков не сакам да коментирам. Пак дојдовме до тоа да расправаме кој од вас двајца говори вистина, господине Рубенс.

**РУБЕНС НАУМОВСКИ:**

Низ пример, кажувајќи и во давањето на изјавата за македонската телевизија, се оградив дали бил вистински присутен или не господинот Црвенковски, укажувајќи дека е тоа според сознанијата од нашите луѓе, меѓутоа укажав дека се оградувам, можеби е така, можеби не. Ваква информација е дојдена. Тоа се однесуваше исто така за учеството на господинот Љупчо Митревски во случајот. Подоцна, кога добив информација дека не бил господинот Љупчо Митревски кој прв пукал, во наредната изјава за телевизија кога беше снимена се извинив и се повлеков. Значи, едноставно работите течеа како на филмска лента, како што одеа информации. Јас и тогаш кажав, не тврдам дека е така, информации дојдоа од теренот, дека е вака и вака. Јас не сум се ставил во улога да бидам експерт како што сте рекле во првиот ваш настап, читам од стенограмот, кој е тој Рубенс Наумовски да биде експерт за се. Не експерт, кажувам принципиелно и коректно, според информациите на луѓето од теренот сторено е и видено е ова и ова, но се оградив дали тоа е навистина така.

Во однос на судиите кажав, доволно бев јасен, се бараше мислење за судиите, а не да одлучиме или да одредиме овој ќе биде судија или оној. Какво мислење се бараше? Ваквo мислење какво што искажав за некои од судиите, заради тоа што во Државната изборна комисија имаме членови, имаме претседател но имаме членови и од позицијата и од опозицијата, доколку јас изнесев неповолна карактеристика - во која смисла неповолна? Радикално неповолна, дека во редот на судиите во Охрид имаме изразен непријател со голема нетрпеливост кон ВМРО - ДПМНЕ,

изразен приврзаник и помошник на СДСМ веројатно нашиот член во Државната изборна комисија ќе можеше да истапи радикално да се спротивстави за членство на таков судија во било која општинска изборна комисија, а сега конкретно зборувам за охридската. Но јас тоа не го сторив. Тоа ми беше поентата, сакам да кажам дека не дадовме карактеристика за ниеден од судиите дека е службеник на СДСМ или службеник на ВМРО - ДПМНЕ или нивен приврзаник. Од тој аспект беше и консултацијата со луѓе од државниот изборен штаб. Ако не бев јасен, уште еднаш ќе повторам.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Господинот Илија Прангоски се јави.

**ИЛИЈА ПРАНГОСКИ:**

Благодарам господине потпретседател, а му благодарам на господинот Илија Илоски, што ми даде можност да се вклучам во дискусијата и да го искористам правото тоа да го направам со реплика, спомнувајќи ја Демократска алтернатива од Охрид. Веднаш сакам да кажам дека јасно е, треба да им е на сите јасно дека Демократска алтернатива беше и е во изборна коалиција за локалните избори во ВМРО - ДПМНЕ. Од тој аспект, се што се случуваше во Охрид како некој кажа овде прво обвинет, некој кажа второ обвинет, се што се случуваше во Охрид за време на изборите за жал заврши со несреќа и еден инцидент кој заврши така како што заврши. Меѓутоа, сакам да го искористам ова право и да кажам дека штабот на ДА за време на изборите нема ништо заедничко со тие настани, ниту во нашиот штаб ниту во штабот на коалициониот партнер имаше и било какви некакви сценарија работите да добијат таков тек. Ние знаевме дека во Охрид ќе се води машка борба, како што и се случи и дека до крај ќе биде резултатот и исходот неизвесен. Сите активисти на ДА од Охрид на половина час пред инцидентот по мое лично барање како претседател на тој клуб и како шеф на штабот на ДА беа повлечени од изборните места и од предизборните места, бидејќи имаше информации постојано кои доаѓаа во континуитет дека состојбата се влошува драматично и дека владее вжештена и наелектризирана атмосфера на тие две изборни места. Јас лично како претседател на тој клуб побарав од нашите набљудувачи на изборните места и од нашите активисти да ги напуштат изборните места и пред се да водат сметка за нивната безбедност. Така, од тој аспект сакам да кажам и да ја искористам оваа прилика дека, ДА нема никакво влијание ни, посредно, ни непосредно во тие настани. Меѓутоа, ДА е дел од изборниот штаб за кандидатот господинот Никола Наумов и тука има влијание и понатаму ќе има влијание.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Има збор господинот Илија Илоски.

**ИЛИЈА ИЛОСКИ:**

Јас му се заблагодарувам на господинот Прангоски што ги потврди моите кажувања, дека навистина ДА по нашите оценки, апсолутно нема никаков удел во она што се случуваше на теренот во Охрид.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Има збор господинот Митко Тилевски.

**МИТКО ТИЛЕВСКИ:**

Јас нешто да кажам. И вчера и денес бев во некој контекст, директно или индиректно прозван и без нималку достоинство и доблест колегата пратеник Илија Илоски спомна, вчера и денес се кажа дека 1998 година тој добил во првиот круг, а јас сум добил во третиот круг, што сметам дека две години седиме во овој Парламент и ако почнеме за секој пратеник одделно да кажуваме кој како добил и со што добил, нема да ни се гледа крајот.

Само би спомнал една констатација, нема да го повторувам господинот Рубенс Наумовски, само би кажал дека во 1998 година, во изборна единица 49 во село Лечани од 402 избирачи кои се запишани на избирачкиот список за СДСМ, односно за господинот Илија Илоски гласале 401 лице, 1 ливче било неважечко. Ваков резултат 1998 година не е забележан ни во Албанија во времето на Енвер Хоџа и во Белорусија, камо ли во Куба. Тоа е едното што сакам да го кажам, а како беше и што се случи во 47 изборна единица, посебно во третиот круг од изборите на сите им е јасно и на целокупната јавност и граѓаните во Охрид, како и на цела Македонија што се случуваше во тоа време и сметам дека граѓаните на Охрид треба да оценат колку било чесно и праведно и кој како добил.

Сакам да напоменам нешто друго. После сите овие излагања на господинот Илија Илоски се споменува името на нашиот кандидат за градоначалник господинот Никола Наумов. Јас сметам дека е многу нечуено и без доблесно да се спомнува името на еден човек, еден наш сограѓанин, доктор по професија, мој колега, хуманиста, стручњак, човекот кој помогнал на сите како во Охрид така во Македонија, човек кој извршил преку 3000 операции во својата

стручност, началник и основач на Хируршкото одделение во Охрид, да се зборуваат такви вистини, инсинуации за господинот Никола Наумов дека тој треба да се откаже од својот градоначалнички мандат, бидејќи неговата фотелја е испрскана со крв и насилство. Мислам дека не е чесно тоа да се кажува сега, да видиме како ќе се одвиваат работите натаму. Ако добие, тој ќе добие на едни чесни и поштени и фер избори во Охрид, а насилството верувајте никој не го сакаше тоа да се случи, но сепак се случи. Ние најмалку сме виновни за таа работа.

Би сакал да кажам уште еднаш до пратеничката група на СДСМ, да престане партијата ВМРО - ДПМНЕ да ја прикажува како партија која се служи само со насилнички методи за да ги добие овие избори, дека има некоја фашисоидна терминологија и идеологија. Тоа најостро го отфрлувам, никој од нас не припаѓа и не сака такви идеали. Ако нивната партија тоа го прави, тоа е нивна работа.

Уште би сакал да спомнам дека вчера господинот Илија Илоски спомна во еден вулгарен контекст, без најмалку трунка совест, некакви цитати од некакви извадоци на менгемиња или окови. Едно треба да сфати дека јас како граѓанин и пратеник од Охрид, ме знаат сите во Охрид, никој не може да врши притисок врз мене да ме уценува што да кажам и како да кажам. Тоа е мое право како ќе излегувам, дали ќе зборувам или ќе читам, а господинот Илија Илоски не само со менгемиња туку и со окови е окован од неговото минато од неговата алчност и од неговата партија заедно со неговиот ментор, кој е со него заедно и седи во иста клупа. Тоа да му биде јасно. А за иднината, за тоа што ќе кажат моите деца и нашите деца од нашата партија или од нашата коалиција или неговите деца и децата на неговите колеги пратеници и неговите сопартијци, тоа ќе покаже иднината во Македонија, историјата, кој треба да се срами или да не се срами од тоа што се правеше сите овие години. Мислам дека тие пред се да се срамат за сиве овие години што му нанесоа зло на Македонскиот народ и на Македонија и на сите граѓани во Македонија, а не ние. Тоа да му биде јасно и на сите им го порачувам тоа. Ние одиме од 1998 година по еден правилен пат, ги браниме интересите на Република Македонија и ќе одиме до крај, додека трае нашиот мандат и понатаму. А додека бевме опозиција во ништо не дозволивме името на нашата партија да се изгнаси и да се попрска со крв, како што прават тие сега додека се во опозиција, што придонесува да се поларизира состојбата во Македонија, како што се наоѓаат денес граѓаните и жителите во Охрид. Тоа е страшно што се случува денес во Охрид. Сите се депримирани, разочарани, виновниците се бараат те на едната те на другата страна, но неутралните граѓани многу убаво знаат кој почна и како почна. Не велам симпатизери на едната или другата страна. Јас тоа го кажав вчера во моето излагање пред Собранието и кој како ме сфати тоа е негова работа. Уште еднаш, немојте, бидејќи добив голем број обраќања на граѓани, кои верувајте не се само симпатизери на оваа партија и на оваа коалиција, кои велат веќе еднаш да престанеме со овие циркуси во Парламентот и да одиме со еден друг тек на настаните. Сепак сум да се донесе една декларација, каде ќе се осудат сите овие насилства што се случија на локалните избори во Македонија, да се осуди сето тоа и ако треба да се донесе една нова правна регулатива за нови избори, што ќе дојдат понатаму во Република Македонија, односно парламентарните избори. Дали тоа ќе се случи за половина година или за една година, ќе си покаже самото време, но немојте господо пратеници од опозицијата цело време да притискате, референдуми, предвремени избори, да го поларизирате населението и граѓаните на Македонија. Едно да знаете, Македонија со вас или без нас ќе оди напред во иднина, каде што ја чека сега асоцијативно членство во Европската Унија, во НАТО пактот и ништо тоа нема да го измени, ни вашето однесување, ни вашата ароганција, ни вашето насилство. Тоа Европа добро го знае и добро знае кој како работи и кој што прави. Тоа ќе покажат и извештаите од Европската Унија. Затоа, ве молам уште еднаш немојте. Повеќе нема да се јавам, бидејќи не сакам, верувајте вчера ми се јавија голем број на граѓани и ми рекоа што е овој циркус што се прави во Парламентот. Јас сум човек чесен, поштен, хуманиста и нема да дозволам јас моето име, мојата партија и овој Парламент да личиме на еден циркус.

**ИЛИЈА ИЛОСКИ:**

Господине Тилев, чесните луѓе не лажат. Дозволете, не навлегувам во ништо што дискутирате освен во споменатите бројки. На избирачкото место во селото Лешани во 1998 година, овде може да се провери горе во службите во Парламентот, ако сакате да дадеме една мала пауза од 10 минути, на единствениот избирачки список биле запишани точно 556 гласачи, од тие

излегле на гласање 383, за мене гласале 338, за противкандидатот од ВМРО - ДПМНЕ 39. Уште 39 години да се гласа, резултатот овде така ќе биде, тоа да ви е јасно. (Реакција во салата).

Дозволете, како што резултатот од 200 освоени гласа од 1800 кои излегуваат на гласање во селото Велгуши, уште 280 години јас од СДСМ да одам таму на гласање, неможам повеќе од 280 гласови да освојам. Значи, имаше една реална слика на теренот на запишани и излезени гласачи. Ние господине Тилев овде разговараме за излезен процент на гласачи од 65, под теоретска претпоставка сите да биле исфалсификувани како што тврдите, што не беше така, ние сега се спориме за излезен процент на гласачи од 99,27% на избирачкото место "Магнус" и вие повлекувате паралела меѓу овие два податоци. Навистина тогаш не можам да сфатам, се само рекламирате дека сте чесни, поштени и искрени, а лажете со бројки. Еве, појдете горе во службите, ако не се овие бројки тогаш плукајте ме јавно.

(Повеќе пратеници реагираат).

Јас зборувам за бројки, не лажам сега.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

(Господинот Димитар Бузлевски бара реплика).

Реплика на кого?

Луѓе, дозволете, репликата се однесува на тој што говори, а одговорот е меѓу нив двајца.

(Господинот Димитар Бузлевски излегува на говорница).

На кого реплика? На Рубенс? Добро, повелете.

Ве молам, Димитар Бузлевски бара реплика на излагањето.

Кој те спомна?

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

И вчера на Тилев му дадовте.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Карајте се надвор, немојте така - на Тилев.

Митко, ако сакате да го запазиме достоинството на Собранието, ве молам.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Како му даваш на Тилев, мене не ми даваш збор. Не е страшна толку многу мојата реплика, па да имате соучество во недавање збор на мене во овој Парламент. Сакам да ве прашам, со оглед на тоа што долго говоревте, со оглед на тоа што се обидовте од ваш агол да кажете што се случувало тие денови во Охрид и во деновите пред третиот круг на гласање, сакам да ве прашам само едно прашање. Во интерес на вистината која од овој Парламент ја бара Македонскиот граѓанин, зошто дојде до трети круг на гласање на тие две изборни места во Охрид.

Ве молам, мислам дека заради тоа што значи директна комуникација со пратеник, но ова е можност пред македонската јавност, да ми одговорите на ова прашање. Тоа е репликата.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Дозволете, ова е прашање, не е реплика.

Има збор, господинот Рубенс Наумовски.

Ве молам, една работа, да правиме разлика помеѓу прашања и реплика.

Се одговара на говор, а не да се постави прашање, зошто е вака или не е.

**РУБЕНС НАУМОВСКИ:**

Јас, во моето излагање кажав. Мислам бев доволно и сосема јасен. Дојде до прегласување заради настаните што се случија на тие две избирачки места. А, зошто дојде до такви настани, од кого се, каде е коренот на иницирање, на организирање на тие настани, јас кажав исто така во моето излагање. Говорејќи дека, ако не после вас, барем во исто време со вас разбравме за тие настани. Сакајќи да кажам дека, јас кажав, многу јасно кажав, тие случки што се случија на тие две изборни места значења токму поништување на гласањето. И дека Општинскиот комитет се заколнав и во мојата чест, немал ама никаква врска со тие случувања, а далеку од тоа да ги изрежирал, инсценирал и искреирал тие случувања. Кажав во понатамошното излагање, бидејќи е тоа толку наивна работа, не може на тој начин избори да се добијат. Тоа ја покажа праксата и натаму елаборирав кому повеќе се во прилог тие настани и случувања понатаму. Значи, се поништија изборите на тие две гласачки места, заради тоа што се случи тоа што се случи. И во ред е што се случи, мислам што се поништени.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Има збор господинот Бузлевски.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Почитувани колеги, господине потпретседателе.

Има вистини што се утврдуваат со факти.

Пред мене го имам решението што е донесено од Општинската изборна комисија со кое што решение се поништени гласањата на двете изборни места...

(Во салата се слуша џагор).

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Господине Митко, можете говорете.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Благодарам потпретседателе.

И ова решение е редоследно кажано заради кои причини се поништило гласањето на изборните места што беа прегласувани во третиот круг и на кои што настана насилие.

Имено, ова решение, потврдено и од Апелациониот суд во Битола и при тоа е констатирано дека после 19,00 часот на 24 септември 2000 година, влегле вооружени лица, после 19,00 часот, со оружје во рака и ги суспендирале сите дневни активности на тие две изборни места, со тоа што изборниот материјал го фалсификувале и постигнале резултат што им требал на нивните нарачатели.

Овде беше тоа напомнато неколку пати, меѓутоа... (Џагор во салата).

Потпретседателе, ако сакате да обезбедете услови да говорам.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Митко тоа беше читано. Овој коментар ваш е сега на што?

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Токму на тоа имам коментар, а се надевам дека господинот Данило Глигоровски ќе го слуша ова, бидејќи е многу важно и за ова што се случи и за она што се случуваше после тоа.

Значи, влегле вооружени лица кои биле маскирани. И, биле нарачани од изборниот штаб на ВМРО. Токму така. (Реакции во салата).

Затоа што оружјето го упериле и 10 минути го држеле на чело на претставникот на избирачкиот одбор на СДСМ.

(Реакции во салата со дофрлување).

Е, па, токму тоа дали може наши да бидат, и вие да влегувате во таква хипокризија нашиот човек да го насочи оружјето на наш човек, тоа е вашата заблуда. И, заради оваа несериозност со која се согледуваат фактите, Македонија е доведена да се згази целокупната демократија во Македонија. И до полудување на ова.

Господо, ваши биле затоа што според нив, во петокот, пред 24, значи на 22 била распишана потерница од Општинскиот суд во Струга за нивно притворање. Тие биле во Охрид. Тие биле и саботата во Охрид. Во неделата биле на гласачко место. Вашата.... (Реакции во салата).

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Поминаа 8 минути.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Вашата организација направи да МВР, подрачна единица во Охрид не ги приведе за да тие го направат она што се случи на 24. Токму затоа се ваши.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Реплика побараа истовремено госпоѓица Шеќеринска и госпоѓа Марковска.

Има збор госпоѓа Марковска.

**ЃУЛИСТАНА МАРКОВСКА:**

Почитуван потпретседателе, дами и господа пратеници, јас не сакам да навлегувам во лични дуели со господинот Бузлевски за да препознавам, бидејќи немам никакви гатачки способности.

Очигледно дека тој има и претставниците на неговиот штаб, кој се криел зад маскирните одела.

Очигледно дека овде МВР ќе има своја работа и јавно ја повикувам службата за прогон и она што спаѓа во нејзин домен, да ја испита оваа работа до крај. Впрочем тоа е и цел на денешната расправа.

Исто така, јас не бев присутна на гласањето во Охрид, дента кога се случија дел од изборните инциденти, не на гласачкото место, туку оддалечени 500 метри од гласачкото место, што значи дека изборната процедура на гласање се одвивала сосема нормално. Тоа, за жал, не може да се каже за господинот Бузлевски, за кој што имам сознанија, можеби лажни, меѓутоа во случајот изгледа дека не се, дека тој, заедно со господинот Ило Илоски и заедно со господинот Бранко Црвенковски, беа главната тројка што ги организираше и од каде што доаѓаа сите команди како треба да се однесуваат таканаречените набљудувачи на изборниот процес, во овој случај со популарно име рекетари, кои што пак од своја страна, исто така, согласно нивните изјави дадени во разговори не само со мене, туку и со други луѓе што отидоа да видат што и како се случува после тие изборни настани, беа за жал голобради момчиња и луѓе платени од страна на пратеникот на СДСМ господинот Ванчо Георгиев. Впрочем тоа и стенограмски може да се потврди, рече дека тој не учествувал во ништо освен што ги платил по 500

денари, замислете за тоа што биле, како што самите рекоа не да ги набљудуваат, туку да учествуваат и обезбедуваат изборниот процес во Охрид. Ви благодарам.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Реплика има госпоѓица Шеќеринска.

(Реакции во салата во смисла дека не треба да и се даде збор, бидејќи се откажала госпоѓица Шеќеринска од правото на реплика).

**РАДМИЛА ШЕЌЕРИНСКА:**

Благодарам. Во ова Собрание изгледа човек не треба да даде предност, оти ако даде предност тогаш ќе му го одземат редот.

Меѓутоа, јас сакам да коментирам неколку изјави што беа дадени во ова Собрание и кои што ми се закануваат...

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Ве молам, сакав само да дообјаснам, сега дискутираше Рубенс Наумовски и нему треба да му се обраќате.

**РАДМИЛА ШЕЌЕРИНСКА:**

Господине потпретседателе, ќе ценам доколку со сите пратеници барем се обидете подеднакво да се однесувате.

Би сакала да коментирам изјави, две што беа дадени во текот на овие неколку реплики што се разменуваат на говорницата, а се однесуваат на она што се случуваше во Охрид.

Навистина, јас не можам да разберам од каде им е храброста, цинизмот и, според мене, лицемерноста со која што се обраќаат некои наши колеги пратеници, коментирајќи ги настаните во Охрид. Навистина, не можам да сфатам дали господинот Тилевски не е свесен дека во Република Македонија, локалните избори се изведуваа, меѓу другото и со постојано присуство и набљудување на мисии од две значајни европски институции. Јас незнам како може господинот Тилевски да не знае дека во двата извештаи што ги подготви набљудувачката мисија на ОБСЕ, стои дека Република Македонија, односно изборите во Република Македонија повторно, повторувам повторно не успеаја да ги задоволат барањата што ги поставува ОБСЕ пред секоја држава, па вклучително и Република Македонија, а тоа е да имаат избори што *ќе* бидат ослободени од насилие, што ќе бидат ослободени од притисок и што ќе биде гарантирано правото на секој граѓанин да гласа слободно и без проблем.

Јас незнам дали господинот Тилевски не знае дека во Република Македонија за прв пат се случуваат избори на кои што имаме човечка жртва? Јас незнам како може господинот Тилевски да разговара или дискутира на начинот на кој што дискутираше и да заборави дека во оваа држава некои беа тепани, повредени и убиени. И, дека некој во оваа држава ќе треба да одговара за тоа.

Дополнително, јас незнам како господинот Тилевски не знае дека во оваа држава има власт, избрана на некакви поинакви избори и дека таа власт е избрана за да носи одговорност, меѓу другото таа одговорност се однесува и на организирање фер и демократски избори. Дискусијата на господинот Тилевски во еден дел беше и наликуваше на дискусија на пратеник што доаѓа од опозицијата и смета дека има право да критикува некој друг. Па, ве молам, опозицијата ли ги организираше изборите во оваа држава? Опозицијата ли беше таа што употреби криминалци оружје и притисок да фалсификува избори? Дали беше случајно Партијата на власт ВМРО – ДПМНЕ, која што имаше свои луѓе кои се повредени или не дај боже загинати? Во оваа држава се случија локални избори на кои што скоро резултатот е јасен. Власта ја уби демократијата. Тоа е единствениот резултат на овие локални избори. Не сакам да зборувам за број на гласови, не сакам да зборувам за број на градоначалнички места.

Меѓутоа, не можам да сфатам како некои наши колеги немаат чувство за тоа што се случуваше, за жртвите што ги претрпеа некои други луѓе, меѓутоа граѓани на оваа држава. За жал господине Тилевски јас нема да се сложам дека во оваа држава се проблем законите и дека, доколку ги смениме, ова веќе нема да ни се случува. Во оваа држава е проблем заради тоа што власта е прва што ги крши законите, заради тоа што власта е прва што ја злоупотребува моќта што ја поседува и што ја има по сите основи и во сите институции.

Навистина, незнам како може да се зборува за однесување на набљудувачи, за однесување на луѓе кои на еден или друг начин учествувале во изборите, а да не се чувствува барем трошка одговорност за сето она што го извршија платеници на владеачките партии? Дали со тоа вие сметате дека Република Македонија се приближува кон Европа? Да ве потсетам, Република Македонија нема да потпише договор за асоцијација. Тоа може и вашите колеги да го кажат.

(Бурни реакции во салата).

Тоа може да го заклучите дури и со читање на новините. Не случајно е што Македонија се наоѓа во некој специјален статус, некој специјален третман. Не

случајно е дека Република Македонија ќе потпише договор, ако потпише и кога ќе потпише договор за асоцијација и стабилизација, затоа што на Република Македонија по два нерегуларни и недемократски избори навистина и е потребна стабилизација. И, за тоа треба вие и вашите колеги сериозно да се замислите.

Благодарам. (Реакции во салата).

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Има збор господинот Тилевски, бидејќи ова се однесуваше на него.

**МИТКО ТИЛЕВСКИ:**

Благодарам што ме спомна.

Почитуван господине потпретседателе, почитувани колеги пратеници, ќе бидам краток, јасен и концизен, нема да држам говор овде за расплакување пред македонската јавност и сите што не слушаат, само едно ќе кажам дека, како што спомна и сега госпоѓицата Радмила Шеќеринска вели, нема Македонија да влезе во асоцијативно членство на Европа и во НАТО структурите.

Па, тоа е целата поента на сите овие избори локални што се случуваа во Охрид, во Македонија. Цела поента беше да се направат едни немири во Македонија, со едно насилие пред целокупната македонска, европска и светска јавност и пред европските набљудувачи да се каже дека оваа Влада, овој Парламент, овој народ и сите граѓани кои живеат во Македонија не се способни да влезат во една Европа, дека нашето место е во најдолниот дел на тој Западен Балкан и дека се црно и се пишува на Македонија. Тоа е поентата на сето тоа.

А, насилието, кој како зборува, јас да ви кажам битно е кој прв го почна тоа насилие и таа арогантна кампања и таа пропаганда што се ширеше. Бидете сигурни дека нашата партија, нашата коалиција од самиот почеток одеше со една мирна позитивистичка кампања, никого не навредуваше, одеше токму во фер и демократски избори. А, од другата страна што доби? Само обвинувања, лични навреди на највулгарен начин. Тоа е причината што се случи, ова што се случи.

А, тоа, кој прв почна, ќе докажат полицијата, јас знам само така и законите во Македонија. А не, вашата доблест е таква што вие како партија и што да се случи не признавате победа на противникот, а поразот го оправдувате со тоа дека некој друг е виновен и не признавате ни судови ни полиција, како ни претседател на Република. И, немојте вие сега мене да ми кажувате доблеста моја била ваква или на нашата партија била онаква. А, вие сте тука ангелот, а ние сме ѓаволот.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Госпоѓица Шеќеринска има реплика.

**РАДМИЛА ШЕЌЕРИНСКА:**

Почитувани колеги, да се договориме да дискутираме сепак за работи за кои што знаеме, за работи за кои што и македонската јавност на некој начин е информирана, па заради тоа не постои никаква шанса да ја дезинформираме овде од говорницата.

Вие спомнувате договор што сега сметате дека ќе се вика договор за асоцијација и стабилизација, ќе прочитате, ќе слушнете и од ваши министри кои ќе ви покажат дека се работи за договор за асоцијација и стабилизација и договор што не зависи, на крајот на краиштата, од опозицијата. Договор за кој што започна да се преговара далеку, далеку пред овие локални избори и договор кој што, во крајна линија, пред се, зависи од однесувањето на Владата, а не на опозицијата во Република Македонија.

Факт е дека Република Македонија не може да се надева на асоцијативно членство, дека дури асоцијативното членство ќе го дискутираме во некоја друга прилика, не е јасно, значи, по кој пат и дали воопшто ќе може да го пратиме. Меѓутоа, со секој чекор што го прави оваа власт, со секој чекор и секоја дискусија што се слуша во ова Собрание, ние сме се подалеку од Европа.

Пред неколку дискусии слушнавме од господинот мислам Наумовски, дека Општинскиот комитет на една партија, случајно или не партијата на власт, давал мислење за тоа кој судија треба да биде претседател или член на избирачка комисија. Што сакате повеќе од тоа? Тоа не го зборува опозицијата. Тоа го зборува ваш колега. И вие сега во неколку дискусии после тоа да кажете дека е тоа нормално или дека не е така страшно. Тоа е страшно и тоа многу е страшно. И тоа покажува дека веќе нема граници во однесувањето на власта. Дека границите помеѓу дозволеното и недозволеното се одамна избришани.

И, дека влегуваме во сива зона во која што ќе не водат и ќе ни диктираат, криминалци кои што вие ги ангажиравте.

Меѓутоа, сакам и втора работа да кажам. Единствено нешто што го кажувате како таканаречен аргумент во целата оваа дискусија околу насилството е дека некој прв почнал. Сега, ќе ви кажам две кратки листи од работи, за кои што вие велите дека

е виновна опозицијата и работи кои што се случија во текот на гласањето. Да не зборувам колку притисоци имаше пред првиот и помеѓу двата изборни круга. Да не зборувам за уцените, кои станаа веќе јавна тајна. Да не зборувам за пукање. Да не зборувам за фалсификување на избирачки легитимации. Да не зборувам за убиство, кое што по незнам кој пат повторувам дека и се случи на Република Македонија и ние не смееме да се правиме како да ништо не било и да не се случило и како да се е нормално. Како, Македонија на 9 септември и Македонија денес, да се едно те исто. Не се. Падна жртва непотребна во одбрана на правото на граѓаните да гласаат. И, вие велите дека се ова е дозволено, заради тоа што некој ве иритирал, заради тоа што некој ве нервирал, заради тоа што опозицијата водела агресивна кампања. Па, што да правиме? Да не зборуваме на Собранието, случајно да не ве навредиме, случајно да не ве изнервираме, случајно да не ве иритираме. Каде е границата господине Тилевски? Во Република Македонија изгледа, навистина убива прејакиот збор. Меѓутоа, вие тоа многу буквално го сфативте. Благодарам.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

За збор се јави Данило Глигоровски.

**ДАНИЛО ГЛИГОРОВСКИ:**

Јас реплицирам. Мојата реплика се однесува на дискусијата на господинот Бузлевски. Во повеќе наврати опозицијата пласира тези во кои што има голема логична празнина, а во таа смисла повторно се повтори и господинот Бузлевски истата таа празнина, логичка празнина ја повтори. Имено, се работи за своевидно предвидување на настаните, кое што логички опозицијата на неколку пати се обиде и делуваше дека успешно ги предвидела настаните. Имено, предвидоа дека ќе се појавеле бугарски и српски коли и се појавија колите со палки, безбол палки и со тепачишта во нив.

Втората работа, повторно некој си маскиран криминалец вперил пиштол во судија и господинот Бузлевски дури и под маската го препознава кој е тој криминалец. Навистина, колку голема логичка празнина, во која што нешто со предвидување или со метафизички способности се обидува да се објасни својата вистина. Фрла светлина на тоа колку држат аргументите на опозицијата во овие расправи.

Вториот дел, би сакал иако не мислев да реплицирам на госпоѓицата Шеќеринска во однос на асоцијативното членство и нашата желба. Колку е голем кредибилитетот политички на една партија, на која што им ги затворија вратите од Европа. Агендата 2000 ни ја затворија, ние не влеговме, благодарејќи на водството на СДС. Таквата работа сега да ја извртите и да велите дека вие многу сакате да бидете во асоцијативно членство итн., ама позицијата или власта е виновна или најодговорна, заради ваквите настани и евентуално вината би ја сноселе. Мислам дека и тука ги изврттувате тезите. Благодарам.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Има збор господинот Коце Трајановски.

**КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани дами и господа пратеници. Јас би сакал да и реплицирам на госпоѓицата Шеќеринска. Незнам од што таа се чувствува загрозена и како таа во исто време можеше да биде во Гази Баба и во Охрид. Барем во нејзината дискусија ми се чини дека рече оти била во Охрид. Можам да спомнам само еден податок. Знам дека госпоѓицата Шеќеринска беше во изборната кампања во општина Гази Баба. И се случи на едно населено место, тоа е во населеното место Колонија, каде што ние ВМРО - ДПМНЕ и Демократска алтернатива заедно со нашиот кандидат имавме трибина со населеното место, со граѓаните од тоа населено место и во исто време пристигна кандидатот Павле Цветановски со своите луѓе, ние мирно се повлековме. И, се случи тоа нашиот кандидат, кандидатот Павле Цветановски се прегрнаа, топло се поздравија и се разминавме. Тука беше сведок и госпоѓицата Шеќеринска, дури и со неа се поздравија. Јас незнам како се чувствувате вие тогаш загрозени. Па, нели ние сме на позиција, нели ние одиме со рекетари и незнам со што одиме. Ние си отидовме на другото место. Можеби требаше и таму да дојдете. Тоа не е проблем. Во исто време, практично, се сретнаа двата изборни штаба. Еве ја госпоѓицата Шеќеринска нека потврди, дали некој им запрети и дали потоа им се случи нешто. Дали се попречија во нешто. Мислам дека на овие избори треба да се гледа и една добра страна. Јас после сето ова можам едно да изјавам, среќен сум што господинот Бранко Црвенковски не потекнува од Гази Баба. Мислам дека од Охрид вие направивте како Македонија да е некој ринг. Сите како да сте биле во Охрид. Па, мислам дека и во Гази Баба доволно се движевте и кажете ако имаше нешто, тогаш тоа треба да го кажете. Еве и општина Илинден да ја потенцирам, од каде што

потекнувам и каде што победивме во првиот круг. Вие пет месеци пред тоа ја загреваvте атмосферата со некои социјални бараки. Практично, од кога ја почнавте кампањата со митинзите на господинот Бранко Црвенковски, истовремено и во Илинден, за да ние тие социјални бараки, ги изградиме сега откога ќе завршат изборите. Па, не ти ќе ти биле Косовари, не ти бегалци ќе биле, нели ќе бил цел Илинден запоседнат со бегалци од друга национална вера и тие кои што беа кандидати за советници со лопати и вили се движеа по селото. Мислам дека ја вжештувате непотребно атмосферата. Вие, знаете дека власта е одговорно како некои избори дали ќе бидат демократски или не. Меѓутоа, за да нешто се попречи, мислам дека треба да има двајца.

Покрај тоа, господинот Бузлевски спомна зошто имаше втор круг прегласување во Охрид. Јас ќе ви кажам зошто имаше во општина Гази Баба. Таму се скршија кутиите во село Дивље, општина Петровец, село Ржаничино, исто општина Петровец и село Црешево општина Гази Баба. Во сите тие три населени места ВМРО - ДПМНЕ од 1990 година убедливо победува. Ниту еднаш СДС таму нема победено. Дали ние имаме интерес да ги скршиме тие кутии. Мислам дека дискусијата се одвива во еден сосема спротивен правец. Затоа, нека дискутираат господата пратеници кои што се од Охрид, нив треба да ги слушаме. Не може сега секој од СДС да дискутира за Охрид. Таа дискусија треба да се лоцира. Благодарам.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Бидејќи беше спомната се јави за збор госпоѓицата Радмила Шеќеринска.

**РАДМИЛА ШЕЌЕРИНСКА:**

Јас незнам дали колегата пратеник дали не ме слушаше што би рекол некој друг колега, можеби некој му прераскажал, па лошо му прераскажал, ниту спомнав Гази Баба, ниту сметам дека Охрид е само на охриѓани, односно на граѓаните на Охрид, ниту сметам дека она што се случи на пример во Кондово треба да ги загрижи само граѓаните на Кондово. Ако вие сметате дека овде сте пратеник само на граѓаните на вашата изборна единица, или недај боже само на оние кои што гласале за вас, тогаш не се согласуваме, од почеток не се согласуваме. Јас сум загрижена, не загрозена, загрижена од она што се случува во Македонија. И, не ја ставам никаде границата помеѓу она што ми, се случува мене и она што им се случува на другите. Ако вчера се случило на некој наш колега, ако вчера, завчера некој наш колега бил повреден за време на изборите, ако некои наши колеги биле нападнати во околината на нивните домови, тоа и мене ме засега. Не само заради тоа што може и мене да ми се случи утре, туку заради тоа што не е тоа држава во која што сакам јас да живеам, или не сакам да живеам на таков начин.

Заради тоа, колега, ќе ми дозволите јас сепак да дискутирам и за она што се случувало во Охрид, со сето право да дискутирам и за тоа што се случуваше во Гази Баба. Фала богу, според вашава дискусија јас треба да заклучувам и треба да бидам среќна што, всушност онаа наша средба минала мирно. Јас сметав дека е тоа нормално, во нормална и демократска држава тоа така да се случи. Она што се случуваше на 10 септември, она што се случуваше на 24 септември, она што се случуваше на третиот изборен круг на претседателските избори ме прави загрижена и не прави сите загрижени дека не живееме во нормална држава. За тоа треба да дискутираме. Меѓутоа, сакав да го кажам следното на колегата Глигоровски, мислам дека, бидејќи можеби не беше тука, зашто е еден период во Македонија дека не ги има последните информации за настаните околу вториот круг во Охрид, па незнае дека тој маскиран криминалец, бил маскиран криминалец само во извесен период од денот, дека постои и идентификација и дека согласно со таа идентификација, реагирале институциите во државата. Проблемот е што реагирале половично. Реагирале само да го идентификуваат, а органите на прогонот после тоа си седеле со скрстени раце. Тоа е проблемот кој што го имаме денеска, не е тоа дали некој предвидел, дали некој го препознал под маската. Ќе проверите дека соодветните институции издале налог и тоа не е налог кој што доаѓа од опозицијата ниту од мене, ниту од некои наши колеги. Тоа се органи кои се раководени од некои наши министри.

На крајот, јас сепак се имам пријавено и се надевам по овие исцрпни дискусии, ќе дојдам некогаш на ред да зборувам општо што сакам да кажам за изборите, меѓутоа, интервенирав неколку пати, заради тоа што сметам дека ова наше однесување денеска е недозволено. Не можам да сфатам како некои пратеници така лесно преминуваат преку настаните, без разлика кој е виновен. Ние можеме да ги менуваме нашите мислења, можеме да ги градиме согласно со една платформа или друга платформа, меѓутоа не можеме да ги менува и не смееме да ги менува фактите. И, ако фактите се дека Република

Македонија оди назад дека Република Македонија, наместо подобро организирани избори, има секоја година се полошо организирани избори и ако е точно дека тоа ни го сигнализираат, а ова ни го кажа и пратеникот, парламентарното мнозинство, сигнализираат сите меѓународни институции, незнам како ние можеме да си ја землеме одговорноста и да се правиме дека тоа се не се случува. Дека тоа не е пријатно е измислено од страна на опозицијата. За жал, болниците и извештаите од болниците, за жал, извештаите од изборите говорат поинаку. Се додека не и погледнеме на реалноста во очи, мислам дека ќе изгледаме несериозни.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Го спомнавте Глигоровски и тој има реплика.

**ДАНИЛО ГЛИГОРОВСКИ:**

Во однос на излагањето на госпоѓицата Шеќеринска, повторно една логичка контрадикција, госпоѓице Шеќеринска. Вие велите загрозени сме, ги злоупотребувате институциите, а пред две минути рековте институциите издале налог, за да биде тој уапсен или пронајден. Сега одлучете се на што сте. Само во моменти кога ви одговара, тогаш велите ние ги злоупотребуваме институциите, а во моменти кога не ви одговара, тогаш велите институциите го пронашле тој и тој.

**РАДМИЛА ШЕЌЕРИНСКА:**

Имате проблем колега Глигоровски што не дослушувате.

Јас кажав дека институциите идентификувале кој е сторителот и застанале. И тоа е посериозен проблем. Не е проблемот дека не знаат, не е проблемот дека немаат информации, со што и би можеле да се вадат дека не се виновни, проблемот е што не сакаат да го спроведат тој налог. Проблемот е како што неколку пати беше повторувано, јас не знам како ја праќате работата повторно на почетокот кога не ви оди во прилог. Проблемот е што тие луѓе се видени во Охрид и тие луѓе престојувале во Охрид, тие луѓе не и биле достапни само на охридската полиција. Проблем е што тие луѓе се чувствувале доволно сигурни, доволно безобразни, доволно арогантни, доволно заштитени од некого, а тоа е клучното да се појават на денот на гласањето онаму каде што се врши дополнителното гласање. Тоа беа само неколку избирачки места чинам беа три. И, тие немаа страв од органите да се појават таму и да ја спроведуваат својата односно туѓата правда. И никој не отиде таму и не ги идентификуваше и не постапи согласно со налогот. Криминалци во секоја држава има и ќе има и тоа ниту една власт, најверојатно, не може да го спречи. Меѓутоа, кога власта ќе ги ангажира криминалците, кога ќе ги амнестира криминалците кога ќе формира спрега со криминалците, тогаш веќе терминот кој што се употребува станува многу посериозен и покрупен. Институциите во оваа држава не само што не функционираат како што треба и до каде што треба, туку институциите на оваа држава беа ставени во полза на партиските интереси, па дури и во ситуација кога тоа значеше загрозување на човечки животи. Ако не разбирате, мене ми е навистина жал.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Реплика на Глигоровски.

Ќе ве молам, вие направивте дискусија и сакате да се расправате, дали треба да ве пратам на чешма.

**ДАНИЛО ГЛИГОРОВСКИ:**

Колешката и госпоѓицата Шеќеринска, навистина многу добро ги опиша тие луѓе, криминалци, бандити, нарушувале изборен процес, само незнам на кого таа мислеше, дали на оние луѓе кои што потоа беа навистина фатени со палки, со коли од Кочани, без таблици, бугарски коли и што се не. Дали на тие мислевте?

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Пак ќе речам веќе по три пати дискутирате, а вие станавте по петти пат.

Ве молам, престанете, искористивте четири пати да зборувате.

Господа, ако мислите да се расправате повеќе, не може.

Нека продолжи господинот пратеник Илија Лазаров.

**ИЛИЈА ЛАЗАРОВ:**

Почитуван потпретседател, колеги пратеници, за господинот Илија Илоски само уште ќе кажам, дека кажа една малку поголема лага, еве, да ја продолжиме онаа што ја изнесе Горанчо Трајков. И во Радовиш и во радовишко изборите протекоа во еден извонреден ред, без никакви инциденти, а победи коалицијата ВМРО - ДПМНЕ и ДА и во Конче и во Радовиш и во Подареш.

Според тоа, не само каде што тие победуваа било така. Значи, некаде и опозицијата умееше културно да се однесува, да не прави нереди. Кај нас јас ги поздравувам во Радовиш и во радовишко опозицијата и тоа е за доброто на сите.

Инаку, многу врева, многу пизма, многу лаги, многу шпекулации, многу отрови се истурени врз организаторот на овие избори и Владата на Република Македонија од страна на опозиционата коалиција и нивните јуришници, олицетворени во нивните платеници, медиумите што печатени, што електронски, не би ли ја прикажале Македонија како едно од најнесигурните подрачја на Балканот, па дури и во светот.

Не чувствувајќи ни тронка државотворна свест, со клеветнички однос спрема својата земја, спрема дел од својот народ, понижувајќи го, навредувајќи го со други имиња, подметнувајќи му дезинформации, за да го покајат и да му покажат дека тие се спасителите. Колегите од опозицијата во содејство со тешката артилерија платеничките медиуми од нив, без срам и перде не бирајќи зборови со еден неверојатно сочен речник, се обидоа да ја запустат Македонија, не би ли се докопале до власт, па макар таа се викала и локална. Цената не ги интересираше, навредуваа, лажеа, клеветеа, потценуваа, пакостеа, не водејќи дури сметка и за сопственото достоинство.

И ниво под кое не може да се впушти и еден најобичен граѓанин, а уште помалку еден политичар, еден доктор на науки, еден универзитетски професор кој ги образува и воспитува студентите кои му ги доверила државата преку високообразовните институции, а тој пред камерите на телевизиите прави такви неконтролирани гримаси и дава такви гнасни изјави, што дури зачудува и координацијата на неговите раце кога аплаудира, не може да си ги погоди дланките, ги промашува. И замислете еден таков човек за мене дури е чудно е носител и на лист. Цинизмот и ароганцијата се уште останува најсилното оружје на колегите од опозицијата, потценувајќи ги сите кои не се со нив и кои не мислат како нив. Велат власта е виновна за случувањата на изборите. Секако дека власта има и вина, бидејќи дозволи мешетари подготвени од нивните кујни да се однесуваат кабадахиски, се уште како тие да се на власт и практикувајќи ја квази демократијата, која постоеше во нивното време. Велат тие организирале фер и демократски избори. Да, ама тогаш ние бевме опозиција, коректна, високо морална и свесна за времето во кое се спроведуваа изборите. За разлика од нив заборават дека за фер и демократски избори е потребна и фер и демократска свест и кај опозицијата, а не рекетарството да е исто така една од најсилните оружја, како што е нивното. Во Охрид имаше случувања кои не смеат никогаш да се повторат. Господинот Црвенковски знаејќи, веројатно знаеше дека тој ден таму има повторување на изборите. Не знам во кое својство цел ден шпарташе низ Охрид, кој знае, можеби сега како глава на рекетарите, со главата на октоподот одамна заврши. Веројатно командуваше со акциите на пиштолџиите. Млади луѓе донесувавте дури од најисточните делови на Македонија, ставајќи им ја главата во торба за 500 денари, не водејќи сметка и не знаејќи дека со тоа ќе останете со куси ракави. А сето тоа се ваши сценарија кои редовно ви се удираат од глава, а вие никако да извлечете поука веќе неколку избори по ред. Знам, тешко ви е, научени сте секогаш вие да сте на власт, секогаш вас да ве прашуваат, ама зарем не сфативте дека овој намачен Македонски народ одамна ве прочита и штетите кои му ги направивте дека за навек нема да ви ги прости, а тоа се: името ни го скрнавевте, народот не го прашавте. Знамето исто го скрнавевте, пак не го прашавте народот. Со вашите два прста го искроивте такво какво што сакате да биде. Од 90% приватизација на фирмите, едвај во касата на државата за ваше време се собраа 200-300 милиони марки, ако не беше и повеќе, што значи фирмите си ги напишавте на ваше име, а работниците ги истеравте на улица со социјална помош која не задоволува ниту елементарни човекови права. Со ТАТ и другите пирамидални штедилници, имиџот на вашата партија во ваши џебови накалапивте повеќе од 300 милиони марки, ако не се и долари, ставајќи ги по белосветските банки, оставајќи ја македонската економија и македонските банки во дубиози, кои долго нема да зараснат. Од Македонија табак, само како фирма во вашите џебови накалапивте повеќе од 200 милиони долари, доведувајќи ја тутунската индустрија во ќор сокак, а тутуно - производителите на просјачки стап, а потоа клеветејќи дека сегашната Влада треба да обезбеди пари за откуп на тутунот од приватните монополи, чии сопственици се луѓе од вашите редови. Додека вие чекате секој први јануари да ве известат колкава камата ви легнала на контата во странство од парите опљачкани од изнамачените тутуно - производители. Повеќе од 600 милиони долари украдовте преку

"Југохром", "Фени", Рафинерија "Окта", "Македонка" - Штип, а сега ги жестите луѓето кои вие ги истеравте на улица преку рекетарскиот сојуз на синдикати на Македонија, кој мисијата колку полошо во македонското стопанство, толку подобро за Синдикатот од типот на Толевски поарно. Колегите од опозицијата забораваат дека тие ги посеаја никулците на вкупното криминално однесување, не водејќи сметка дека тоа кога, тогаш ќе се удри од нивната глава. Бројките кои ги спомна господинот Никола Поповски од 1.600 луѓе кои можат да влијаат на изборниот резултат, тој така рече во неговата дискусија, тој ги кажа и веројатно е така. Во тоа не сакам да се сомневам имајќи во предвид дека тоа го кажува од искуство на неговата партија. Сигурно тоа била оптималната бројка за да манипулира со досегашните изборни резултати. Иако имале и утки во таа проценка, а тоа се покажа на парламентарните избори, кога ја загубија власта. Се сеќавам на изборите од минатото додека тие владееја како пред вратите, каде што се наоѓа моето избирачко место Основното училиште "Лазо Ангеловски", во тоа училиште инаку се сместени 10-тина избирачки места, не пречекуваа јунашите на владеачката партија, меѓу кои имаше дури и директори од понискиот ранг во ОХИС и лица кои прв пат ги гледав во животот како вршеа притисок на граѓаните со закани за да гласаат за СДСМ.

Велат, парламентарните избори биле фер, коректни. Јас не би рекол. Така на пример не во мојата изборна единица, во соседната во 69 каде што е избран за пратеник господинот Кирил Андоновски, рекетари, сега не знам дали се рекетари, веројатно тие се нивни активисти, тоа е можеби нивната активност на тој начин делуваат, влегоа во Штабот на господинот Кирил Андоновски и го полија со крв, на двајца им беа расцепени глави и шиени со конци, тогашниот Игнатие Богдановски, еве таа демократија ја практикуваше. Нешто се кажа во печатот и толку, се задуши. Во мојата изборна единица мене лично ништо не ми се случи да ви кажам за среќа, меѓутоа не можам да кажам дека не се случи на мојата фамилија. На самиот ден на изборите на мојот татко во село Калуѓерица му беше запалена штала. Изгоре сено за потребите на неговата стока, бидејќи 30-тина крупни грла тој чува уште од порано и никој не дозна за тоа. Значи, сеното за 30 грла изгоре. Дури полицијата дојде, направи записник, не се знаеше како ќе завршат изборите, меѓутоа ние не сакавме, дај стави му пепел ќе се снајдеме, Господ е со нас. А верувам дека на секој втор пратеник му се има случено таква случка. Во вашето време додека вие демократски владеевте. Господа, зарем мислите дека се се заборави за 2 години? Па тоа е прекраток период за да се заборават вашите резилаци.

На крајот, овие случувања на кои вие бевте главни креатори во овие локални избори, ние како власт мораме целосно да ги осудиме виновниците и да бараме да си ја понесат соодветната одговорност, не водејќи сметка на чија партија се, од која коалиција се. Уште еднаш да кажам, семето на раздорот и на стилот на водење на избори кое вие го посеавте сега е во фаза на цветање и ако сега тоа семе не се уништи од корен, бидете сигурни дека престои многу тешка иднина за нашата држава.

**ВАНЧО ЧИФЛИГАНЕЦ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани колеги пратеници, во согласност со Деловникот за работа на Собранието на Република Македонија ја користам институцијата реплика, бидејќи беше споменат родниот град, родната општина Радовиш од каде јас пред ова Собрание тој електорат од 19.800 граѓани го застапувам со 8.000 гласа давање во првиот круг 1998 година. Јас не би сакал на огинот, на пламенот да му додадам чист бензин. Би сакал пламенот да се згасне овие 3-4 дена што расправаме за локалните избори, но не можам како граѓанин пред се, а после како пратеник од СДСМ -Радовиш да бидам нем на зборовите на колегата почитуван, респектиран Илија Лазаров. Зошто? Пријавен сум за дискусија. Можеби во целата несреќа во Радовиш имаше среќа што немаше жртви. Но, од ова место сакам да кажам, во Радовиш за прв и последен пат беа тепани од активисти на ВМРО - ДПМНЕ малолетни деца и нивните родители, фамилијата Заневи, Зајкови, итн. Не сакам да ги вадам фотографиите, каде што се гледаат модриците од пендреците од поранешни службеници во МВР, од вработени на координаторите на ВМРО - ДПМНЕ итн. Зарем за тоа ќе речеме дека изборите се фер и коректни. Можеби некој погрешно ќе ме сфати дека вие како парламентарно мнозинство, или ние сакаме тоа да биде. Но, тоа е факт, тоа е регистрирано во МВР во Одделението за

внатрешни работи. За време на молкот се делеа со камиони брашно. Зарем тој напатен народ, точно, сака да егзистира, да живее подобро, зарем да го купуваме достоинството, неговиот глас за вреќа брашно. Бев два пати на парламентарни избори во Радовиш во општината Радовиш и Конче. Никогаш не дозволив мојот работник, возач да изигрува каубоец во општината Радовиш, а најмалку да ги делам граѓаните на ВМРО, СДСМ, затоа што за мене не гласаат. Никогаш не му реков на еден, ќе те вработам ако гласаш за мене, или ќе бидеш отпуштен од работа. Тоа господо пратеници се случуваше во општината Радовиш. И јас сум малку понесреќен што потекнувам од оваа изборна единица, понесреќен сум затоа што народот се подели. И дали тоа треба ние понатаму да го толерираме и да викаме дека е тоа добро, па макар и да биде од мојот партиски Штаб, тоа ние го осудуваме. Многу понесреќен сум тоа што се случи, без разлика што морам да кажам, субјектот кој одлучуваше по приговори и жалби што веројатно ако одлучува парламентарното мнозинство ова ќе му биде возвратено. Ни еден приговор од 16 не беше уважен. На ни една жалба органот за внатрешни работи не мрдна ниту со малиот прст. Јас бев тогаш во изборниот Штаб, ние не рековме да одите, да се вратите со тепање. Тоа не доликува на демократскиот Радовиш, општина Радовиш, на Македонија така да се возвраќа. Замислете што е тоа. Тој ден сите државни ресурси беа расположени за да се добие градоначалник. Благодарам, таков градоначалник не ни треба и таков пратеник не ни треба. Вие знаете колку оружје, муниција, куршуми се потрошија затоа што се добила градоначалничка функција. Јас колега Илија, те респектирам. Кажете, нека каже еден граѓанин кога пратеникот Чифлиганец и Кирчо Сусинов беше биран за пратеник и градоначалник, дали еден куршум, или отидовме во центарот да се радуваме. Тоа е нормална работа. А ова што вие го викате колега Лазаров дека на татко ви куќата била палена, јас ќе ви кажам вашиот брат моја генерација, почитуван сограѓанин, беше еден од оние кои што најмногу се служеше со сила во Месната заедница Калуѓерица. Луѓето беа тепани 1998 година. За оваа година не можам да кажам. Во 1998 година за време на парламентарните избори вашиот роден брат се бавеше со силеџиство во Месната заедница Калуѓерица. Ако не сум во право, следниот пат ќе донесеме овде 10 сограѓани, добронамерни граѓани на Калуѓерица каде што се и родени, ќе кажат со што се бавеше вашиот брат. Зборот ми беше, јас имам добронамерна дискусија да се смират духовите, но немојте од името на општината, каде што ги застапувам граѓаните да зборувате дека таму владеела демократија, опозицијата тоа го прифатила. Не е точно. Луѓето жалат и се чувствуваат несреќни што од тој град за прв, а верувам мора да биде и последен пат, се случи тепање на малолетни деца. Тие деца ниту биле активисти на СДСМ, туку само си поминувале покрај улицата и тепани се со палки. Со целата своја морална, кривична и материјална одговорност, одговарам за тоа што беше речено. И тоа беше мојата намера да му одговорам на колегата пратеник Лазаров, дека во Радовиш немаше демократски избори.

**ИЛИЈА ЛАЗАРОВ:**

Јас не знам, сега ли дури сфатив господинот Ванчо дека Радовиш е поделен. Тој е одамна поделен. Тој ја направи делбата. Јас не знам дали е свесен што зборува. Демек не е ништо што му изгорела, тоа е нормално. Некого тепале. Тие знаат ли каков психолошки притисок вршат врз населението и вршеа до сега. Ако се појавеше на тезгата член на ВМРО -ДПМНЕ со тутунот кога го откупуваше "Јака" имаше една цена, ако се појави, друга цена. И ќе кажеа, вие си избравте сега. Тоа го викаа и минатата година: нека ви го откупи сега ВМРО - ДПМНЕ тутунот. Демек, тие победија. Ако тие победеле, ќе имаше убав откуп. Тие на многу поперфиден начин тоа го прават од секогаш, имаат методи, школувани се, имаат убави кујни за тие работи, знаат тоа како да го прават. Инаку тепање дали имало, или немало, дали имало рекетирање, тоа најубаво го знаат радовишани. Како што тој може да донесе да кажат некои за него, јас можам да донесам исто така да кажат тој што правел таму. Меѓутоа си има органи за прогон, тие ќе си го завршат своето. А ако некој те нападне, ти дојде во куќата и ти ја одлепи сликата, и ако си ја истакнал во дуќанот, некој да си игра таму? Не да го тепаш? Јас да сум, не би дозволил да фати таму, нема што тој да се меша, тоа е приватна имовина.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Ја прекинувам седницата. Ќе продолжиме утре со почеток во 11,00 часот.

(Седницата прекина со работа во 17,55 часот).